ЈДГ "Весели Цветови" на општина Кисела Вода во град Скопје

Ул."Ѓорѓи Сугаре" б.б тел:02/2776-236 факс: тел:02/2776-236

e-mail: jdg.veselicvetovi@gmail.com

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ЈДГ "ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"

## НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

## ВО ГРАД СКОПЈЕ

## ЗА УЧЕБНАТА 2012/2013 год.

Скопје, 2013

**СОДРЖИНА**


1. ВОВЕД……………………………………………………………………………..………… 3

2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ…………..….. 4

3. ОРГАНИЗАЦИЈА, ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА………………… 5

4.ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ДЕТСКИТЕ ЈАСЛИ И ДЕТСКАТА ГРАДИНК ….. 12

5.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ….……. 25

6. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА КАДАРОТ ....................................................................... 27

7. ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ…………………………………………………….….........… 29

8. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ……………………………………….............……….. 33

9. СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ……………………………………………………………….….. 52

10. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА ДИРЕКТОРОТ ……………………………...... 53

11. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ…………………... 57

12. МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСОВО ОДРЖУВАЊЕ..................................... 78

13. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ……………………………………………………….……… 80

## ВОВЕД

Детските градинки претставуваат институции од јавен карактер за организирано згрижување и воспитување на деца, чии цели и задачи се формирање на сестрано развиени личности, способни и одговорни, кои активно треба да се вклучат во училишниот систем, а понатаму и во современите општествено-политички збиднувања.

Јавната Детска Градинка “Весели Цветови” - на општина Кисела Вода, во град Скопје, е основана од Собрание на град Скопје, со решение бр.07-27968 од 28.12.1972 година, со кое е дадена согласност за работа.

Основачките права и обврски на детската градинка се преземаат од општината Кисела Вода, согласно член 133а од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр.65/04) и Одлуката на Влада на Република Македонија бр.19-2487/1 од 22.06.2005 година.

Согласно Националната класификација на дејностите НКД-Рев-2 (Сл. весник на РМ бр. 147/08), основната дејност на Установата е 88.91 - дејност на дневна социјална заштита на деца.

Годишниот извештај за работа, претставува законска и статутарна обврска и ја презентира состојбата во врска со организација и реализација на целокупната дејност во детската градинка како организиран вид за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Годишниот извештај за работа е од јавен карактер и е изготвен согласно тезите поставени од Министерство за труд и социјална политика - Сектор за заштита на децата.

Целите и задачите кои беа поставени со Годишната програма за работа на градинката во смисла на создавање и обезбедување на оптимални услови за успешно згрижување, воспитување и образование во работната 2012/2013 година, беа целосно реализирани како во квантитативна така и во квалитативна смисла.

## 2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Како појдовни основи, односно извори на податоци за состојбите во врска со остварување на дејноста, во постапката за изготвување на Годишниот извештај за работата на детската градинка, користени се:

- Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија бр. 170/2010-пречистен текст);
- Годишната програма за работа на Детската градинка за 2011/2012година;
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на детска градинка (Сл.весник на РМ бр.35/2009)
- Програмската структура за згрижувачко - воспитната и воспитно - образовната дејност, заедно со плановите и програмите за одделни воспитно - образовни подрачја, изготвени од Бирото за развој на образованието на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика;
- Условите што градинката ги обезбедувала за непречено реализирање на целите, задачите и програмските содржини;
- Примена на стручно-научните сознанија во толкување на детската личност;
- Позитивните искуства и резултати што ги постигнала градинката во изминатиот повеќегодишен период на планот на згрижувачко - воспитната и воспитно - образовната дејност по воспитни групи и објекти;
- Педагошко - психолошките сознанија за развојот на детето, потребите на детето и барањата на општествената заедница во која тоа расте и се развива;
- Годишни планови за работа на објектите во кои се вклучени сите активности што се предвидуваат во текот на годината;
- Планови за реализирање на воспитно-образовната работа со децата од градинка;
- Планови за реализација на игровните активности со децата од јаслена возраст;
- Планови за работа со деца опфатени со Програмата "Чекор по чекор";
- Програмски содржини вклопени во рамките на проектот " Граѓанско образование пат кон граѓанско општество";

- План за активности во  градинката;
- План за активности надвор од градинката ;
- План за активности во летниот период ;
- План за соработка со родители;
- План за соработка со основните училишта;
- План за работа и  стручно усовршување на Совет на воспитувачи на ниво на Установа;
- План за работа и стручно усовршување на Активите на воспитувачи по објекти;
- План за работа и  стручно усовршување на Советот на негователи на ниво на Установа;
- План за стручно усовршување на Активите на негователи по објекти;
- Годишни извештаи од стручните соработници во Установата и извештаи од одговорните воспитувачи по објекти за реализација на активностите предвидени со Годишната програма и плановите донесени  на почетокот на учебната 2012/2013 година.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА, ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

Јавната Детска  Градинка "Весели Цветови" – на општина Кисела Вода во Град Скопје, својата дејност ја остварува во четири објекти, и тоа:објект Синоличка, објект Кокиче, објект  Мимоза и  објект  Сончоглед.

Обединувањето на севкупната дејност во градинката  се извршува преку службите кои извршуваат работи од заеднички интерес за објектите, и тоа: следење и унапредување на основната дејност, превентивна - здравствена заштита, административноправни и финансиски работи, тековно одржување и обезбедување на објектите, набавки, транспорт на храна, како и подготовка на главниот оброк во централната кујна.

### а) Работно време и структура на вработените во градинката

Работното време на Детската градинка започнува во 6:00 часот и завршува во 18:00 часот. Во тој временски интервал родителите можеа да ги носат децата во градинката, секој според своите потреби, со тоа што настојувавме приемот да биде до 8.30 часот за да можат децата да ја следат секојдневната програма заедно со своите другарчиња.

Престојот беше организиран во две форми на престој -целодневен престој со кој беа опфатени поголемиот број на деца во дескатa градинка. Децата со пречки во развојот кои беа детектирани од страна на дефектологот и психологот имаа игрална форма на престој.

Работното време на вработените во Установата е регулирано со Статут на установата, одлуки на Директорот за работното време и систематизација во која што се навдени описот и работните задачи според работно место.

Во рамките на 40 часовна работна недела распоредот на работното време за вработените го утврдува Директорот на детската градинка.

Во долу понудените табели наведена е структурата и распоредот на работни саати на воспитувачот, негувателот, медицинската сестра и стручната служба.

Стручениот работник-логопед вработен на неопределено време со завршено ВСС Медицински факултет отсек Логопедија своите работни задачи ги извршуваше со вкупно 30 работни саати.

Целокупната работа во градинката ја извршуваа 106 вработени, и тоа: 84 на неопределено време, 1 на определено време, 9 привремено ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања - финансирани преку ОКВ, 7 лица кои имаат склучено Договор за давање на услуга и 5 волонтери.

Во текот на месец Јануари 2013 година лицето кое беше вработено на работно место психолог преку Агенција за привремени вработувања- финансирани преку ОКВ, го прекина својот работен однос и своите работни обврски продолжи да ги реализира како советник во ОКВ, во одделението за предучилишно воспитување.

На почетокот на учебната 2012/2013 година заради недостаток на согласности за вработувања од страна на Министерството за труд и социјална политика, и кадар кој требаше да работи  во групите кои беа преполни со деца и над норматив, моравме со дозвола на општината да ангажираме волонтери кои беа платени од самофинансирачката сметка. Волонтерите добро се вклопија во целокупната  работа на градинката и цела година беа максимално ангажирани во однос на работните обврски. Со секој волонтер беше потпишан Договор за волонтирање и беа обезбедени волонтерски книшки.

Во текот на месец Јануари 2013 год. МТСП и Владата на Р.М. донесена е Одлука за вработување на лица кои до сега беа ангажирани како привремено вработени преку Агенција за привремени вработувања, финансирани од ОКВ.  И тоа  вработени беа 10 лица од кои: 2 воспитувачи, 4 негуватели,1 помошник готвач во чајна кујна, 1 хигиеничар.

Вработен е  1 дефектолог кој во периодот од Ноември 2009 до Април 2013 година своите работни обврски ги реализираше во ЈДГ "8 Март" и ЈДГ "Весели Цветови", и беше вработен преку Агенција за привремени вработувања во ЈДГ "8 Март".

Со Одлука  на Влада на Р.М за вработување на логопеди во предучилишните установи, вработен е 1 логопед.

<u>Структурата на вработените за учебната 2012/2013 година беше следната:</u>

- 1 извршител на раководни работи, 26 за извршување на воспитно-образовна дејност, 40 за згрижувачко-воспитна дејност, 12 за одржување на хигиената во објектите, 4 за одржување на дворните површини, 8 за подготвување на храна, 1 возач-набавувач, 1 перачка, 1 хаус-мајстор, 2 за педагошко-психолошки работи, 1 дефектолог, 1 логопед, 3  извршители за административни и финансиски работи и 1 музички соработник.

## б) Просторни услови

**Објект "Кокиче"**



Овој објект е од монтажен тип, го сочинуваат 4 простории (занимални), со мали занимални во однос на бројот на присутни деца и несоодветни услови према нормативите и стандардите за извршување на дејноста. Во овие занимални се образуваат и згрижуваат деца на возраст од 2 до 6 години поделени во 4 воспитни групи. Овој објект нема сала и простор за јавна презентација и ораганизирање на бројни воспитно-образовни активности.

**Објект "Синоличка"**



Овој објект е од монтажен тип, располага со 7 големи и 2 мали занимални, 1 просторија преадаптирана за занимална, адаптиран простор за фискултурна сала за реализирање на активностите по физичко воспитување и за други активности во текот на годината.

**Објект "Сончоглед"**





Објектот е на 2 ката, го сочинуваат 8 занимални со додатни простории за дневен одмор (спална) и тоалети за секоја занимална. На првиот спрат има 5 занимални во кој се прифатени деца на возраст од 3 до 6 години, на вториот спрат се згрижени деца на возраст од 9 месеци до 3 години во 3 воспитно-образовни групи.

Во скоп на објектот има голема сала за реализирање на многубројни активности Во подрумскиот дел на објектот е сместена Главната кујна во која секојдневно се подготвува ручекот и дел од ужините

за сите четири објекти, Објектот располага со голема дворна површина и детско игралиште-донација од компанијата Цементарница Усје.

**Објект "Мимоза"**



Објектот е од тврда градба, располага со 7 занимални, 6 занимални ги исполнуваат критериумите во однос на квадратурата во кои се одвиваат дел од секојдневните активности со децата. Една просторија е преадаптирана како занимална и нема соодветни услови за непречена работа и престојна децата. Во објектот има соодветна сала која се користи за сите воспитно образовни активности кои се реализираат со децата.

Управата се наоѓа во склоп на објектот "Кокиче" и располага со соодветен административно-технички дел.

**в) Уреденост на дворните површини**

Во поглед на надворешниот простор, градинката располага со 8.847$м^2$ дворна површина, засадена со тревни и цветни насади, кои редовно се одржуваа, оплеменуваа и збогатуваа но заради екстремните температури оваа година цвеќињата и тревата делумно се исушија и покрај редовното наводенување и грижа на градинарите.

Инаку истите се функционални и се користат при непосредна реализација на активностите со децата, како и за игра и рекреација особено во летниот период.

Во сите објекти има градинари кои се грижат за одржување на дворните површини, а во ноќните часови за патролно обезбедување на објектите во периодот до Април 2013 година беше задолжена Агенцијата за обезбедување "МНА" а од Април 2013 година Агенцијата за обезбедување СГС.

Во сите објекти, влезните и дворните патеки се поплочени, а влезните жардињери беа хортикултурно уредени.

Во сите 4 објекти за одбележување на Денот на дрвото децата од сите воспитно образовни групи засадија пролетни цвеќиња во дворовите на објектите.

Во објект Синоличка во соработка со фондацијата д-р Михаил Левински децата од сите воспитно образовни групи засадија желади во саксии од кои ќе израснат млади фиданки на даб и ќе бидат засадени во дворовите.

**г) Опременост на внатрешниот простор**

Внатрешниот простор во објектите е опремен со потребните средства, соодветен мебел, инвентар и друга опрема потребна за организација и реализација на воспитно-образовната работа како и за нега на децата.

Занималните во кои престојуваат децата од јаслена возраст до 6 годишна возраст се опремени со мебел, дидактички средства, разни видови играчки, конструктивен и друг материјал, согласно со возраста на децата и претставува подготвена околина за развивање на креативноста кај деца.

Во текот на учебната година добиена е донација од општина Кисела Вода на дидактичко-игровен материјал од фирмата Пино во објект Синоличка и од МТСП добиен е конструктивно игровен материјал-коцки во сите објекти.

Две воспитни групи во објект Кокиче и објект Сончоглед се опремени со дидактички материјал по Монтесори.

Во секоја занимална има стимулативно место за игра и развој, а тие места се поделени по катчиња и тоа:

- ликовно катче
- конструктивно катче
- семејно-драмско катче
- музичко катче
- манипулативно катче
- сообраќајно катче

- литературно катче
-мирно катче

По потреба  и во зависност од тематското планирање беа формирани и етнолошко катче, еколошко и математичко катче.

Воспитувачите и негователите водеа секојдневна грижа околу естетското уредување и дизајнирање на просторот, особено на катчињата кои во овие занимални се различни според бројот и намената а во зависност од потребите на воспитната група.

**д) Аудио-визуелни средства и други технички помагала**

Опременоста со современи средства и помагала, аудиовизуелни и акустични средства задоволува.

Градинката располага со следните технички средства: музички системи во сите воспитни групи, телевизори, видео рекордери, ДВД, апарат за пластифицирање, дигитални фотоапарати во 4 те објекти, компјутери во секој објект и во Управата, видео камера, ЛЦД проектор, лаптоп, фотокопири во секој објект и во Управата.

**ѓ)  Стручна литература, стручни списанија и списанија за деца**

Градинката располага со библиотечен фонд кој во текот на минатата година се збогати со нова стручна литература, и тоа: литература за деца, прирачници и методики за реализирање на воспитно-образовната работа, педагошка и психолошка литература како и книги од областа на белетристиката. Од детските списанија библиотеката располага со броеви на списанијата: Росица, Развигорче и Другарче.

Библиотеката е сместена во Управата располага и со стручна литература од “Просветно дело” која опфаќа содржини од дидактиката, развојната психологија, музичкото воспитание, ликовното воспитание и содржини од воспитно-образовната практика и е достапни на сите оние на кои што им се потребни за едукација и самообразование.

Кабинетите во објектите располагаат со библиотеки со скромен фонд на стручна литература: прирачници, билтени, методики за реализирање на воспитно-образовната работа и педагошка и психолошка литература.

Во текот на оваа учебна година во сите објекти беше обезбедена литература за деца- Музички сликовници и постери со едукативна содржина од Топер.

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКИТЕ ЈАСЛИ И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### Број на деца и групи

Со почетокот на учебната 2012/2013 година во сите објекти на ЈДГ "Весели Цветови" опофатени се вкупно 889 деца, распоредени во 29 воспитни групи, од кои 5 групи јасли, 24 групи градинка.

| Број на воспитно-образовни групи според возраст | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Објект** | **9-12 мес** | **12-18мес** | **18-24мес** | **2-3 год** | **3-4 год** | **4-5 год** | **5-6 год** | |
| **Кокиче** | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| **Синоличка** | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 10 |
| **Сончоглед** | 1 | | | 2 | 2 | 1 | 2 | 8 |
| **Мимоза** | 1 | | | 2 | 1 | 1 | 2 | 7 |
| **Вкупно** | 1 | 1 | 3 | 6 | 6 | 5 | 7 | 29 |

Работата во детските градинки се организира во зависност од возраста на децата во хомогени групи и тоа:

1) до 12 месеци……………………………..…од 6 до 8 деца
2) над 12 месеци до 18 месеци……………..од 8-10 деца
3) над 18 месеци до 2 години………………. од 10 до 12 деца
4) над 2 до 3 години ……………………..….. од 12 до 15 деца
5) над 3 до 4 години………………………..…од 15 до 18 деца
6) над 4 до 5 години………………………… од 18 до 20 деца
7) над 5 до 6 години……………………..……од 20 до 25 деца

Низ тебели  претставен е бројот на децата кои беа запишани на почетокот на учебната година и кои ја посетувале до месец Мај 2013 година

| Објект Кокиче | Септември 2012 год. | Мај 2013 год. |
|---|---|---|
| 2-3 год | 29 | 23 |
| 3-4 год | 32 | 26 |
| 4-5 год | 36 | 33 |
| 5-6 год | 37 | 34 |
| Вкупно | 134 | 116 |

| Објект Мимоза | Септември 2012 год. | Мај 2013 год. |
|---|---|---|
| јасли | 36 | 30 |
| 2-3 год | 25 | 24 |
| 2-3 год | 31 | 32 |
| 3-4 год | 32 | 29 |
| 4-5 год | 32 | 30 |
| 5-6 год | 33 | 33 |
| 5-6 год | 32 | 32 |
| Вкупно | 221 | 210 |

| Објект Синоличка | Септември 2012 год. | Мај 2013 год. |
|---|---|---|
| 9-12 мес | 18 | 9 |
| 12-18 мес | 20 | 11 |
| 18-24 мес | 31 | 28 |
| 2-3 год | 35 | 27 |
| 3-4 год | 26 | 24 |
| 3-4 год | 28 | 25 |
| 4-5 год | 30 | 28 |
| 4-5 год | 27 | 28 |
| 5-6 год | 34 | 26 |
| 5-6 год | 31 | 23 |
| Вкупно | 280 | 233 |

| Објект Сончоглед | Септември 2012 год. | Мај 2013 год. |
|---|---|---|
| 9-24 мес | 25 | 30 |
| 2-3 год | 34 | 29 |
| 2-3 год | 33 | 27 |
| 3-4 год | 31 | 24 |
| 3-4 год | 32 | 27 |
| 4-5 год | 33 | 34 |
| 5-6 год | 36 | 33 |
| 5-6 год | 36 | 32 |
| Вкупно | 260 | 236 |

Низ горе наведените табели може да се забележи дека структурата на групите според возраста на децата е над нормативот и Законската регулатива.

Сето тоа повлекува и голем број на проблеми во однос на организирање на простор за престој на децата, соодветни хигиенско-здравствени услови за нормален развој, кадар за згрижување и воспитување на децата од 9 месеци до 6 години.

Табеларен приказ на број на запишани деца во ЈДГ "Весели Цветови" во периодот 2008-2013 година

| Учебна година | Воспитни групи | | Вкупно број на деца |
|---|---|---|---|
| | јасли | градинка | |
| 2008/2009 | 6 | 20 | 592 |
| 2009/2010 | 6 | 21 | 611 |
| 2010/2011 | 5 | 24 | 690 |
| 2011/2012 | 4 | 24 | 778 |
| 2012/2013 | 5 | 24 | 879 |

Од горе наведената табела може да се забележи дека бројот на запишани деца во ЈДГ "Весели Цветови" од 2008-2013 година се зголемува, иако бројот на објекти и простории (занимални) е непроменет.

Се зголемува потребата од запишување на деца во детската градинка поради зголемувањето на бројноста на жителите на просторот на општина Кисела Вода и

ниската цена за целодневен престој на децата од 1490 денари. А со тоа се зголемува и листата на чекање за прием на децата во градинка

Но сепак проблемите како немање на кадар, недостиг на финансиски средства за изградба на нова градинка, враќање на просторот од објект Сончоглед кој е сега дел на МТСП - Дневен центар за деца од улица, или пренамена на други простории за проширување на капацитетот на детската градинка останувaат како голем проблем за нормално реализирање на воспитно-образовната и згрижувачка работа во градинката.

## ➢ ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЕВКУПНАТА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ЈАСЛИ

Основна задача на работата на детските јасли е превентивно- здравствена заштита на децата, унапредување на хигиено-здравствените услови за престој на децата, како и примена на игровни активности кои го поттикнуваат психофизичкиот развој на децата.

Во текот на годината перманентно се водеше грижа да се задоволат сите хигиенски барања во однос на сместувачките услови и хигиената во просториите во кои што престојуваа децата. Редовно се вршеше дезинфекција и дезинсекција на просториите во кои престојуваа децата како и дезинфицирање на играчките и предмети со кои децата доаѓаа во допир.

Активите на негователи во соработка со Директорот и стручната служба редовно ги планираа содржините за реализирање на игровните активности со децата. Планирањето се спроведуваше еднаш месечно со насоки за дневно планирање на игровните активности и тоа на два развојни нивоа: за деца на возраст до 18 месеци и за деца на возраст над 18 месеци до 2 години. Планираните содржини се аплицираа воглавно преку индивидуален пристап заради возраста, а се однесуваа на активности кои имаа за цел да го поттикнуваат социо-емоционалниот развој и сензо-моторниот развој. Исто така, се реализираа активности кои имаа за цел да го поттикнат развојот на говорот и активности што ги поттикнуваа индивидуалните творечки потенцијали на децата.

Беа планирани активности во кои се користеа дидактички матријали, играчки, реквизити за драмски игри и слично. За реализираните дневни активности со децата

негователите водеа редовна евиденција, а за евентуалните потешкотии се консултираа со педагогот на Установата.

Особено внимание се посвети на соработката со родителите кои имаа можност да се вклучат и да помогнат во надминувањето на проблемите во периодот на адап-тацијата. Родителите учествуваа и во реализацијата на дел од игровните активности со децата. Во некои објекти беше остварена добра соработка и комуникација преку заеднички средби на кои родителите можеа да добијат информации за дневниот распоред, за дневните активности, текот на реализација на игровните активности и напредокот во психо-физичкиот развој на нивните деца.

- **ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЕВКУПНАТА РАБОТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА**

Реализацијата на воспитно-образовната програма со децата од градинка се одвиваше во 24 воспитни група. Сите воспитни групи ја реализираа Националната програма за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во Јавните детски градинки, донесена од Бирото за развој на образованието и Министерството за труд и социјална политика во септември 2007 година. Во неа се вклучени позитивните ефекти од реализацијата на проектот "Чекор по Чекор" и "Граѓанско образование - пат кон граѓанско општество". Програмските содржини се усогласени со постоечката програма, опременоста на занималните и материјалите со кои располагаат.

Воспитно-образовната работа се реализираше по следниот дневен ред:

| **Распоред на дневни активности** | |
|---|---|
| **прием на деца и слободни активности** | **од 06:00 - 08:30** |
| **утринска гимнастика** | **до 8:40** |
| **подготовка за појадок** | **до 9:00** |
| **време за групни активности** | **до 9:30** |
| **активности по катчиња** | **до 10:15** |
| **прошетка, набљудување и престој на воздух** | **до 11:15** |
| **подготовка за ручек и ручек** | **до 12:30** |
| **пасивен одмор (спиење)** | **до 14:30** |
| **ужина** | **до 14:15** |
| **слободни игри** | **до 16:30** |
| **заминување на децата** | **до 17:30** |
| **средување на занималната** | **до 18:00** |

Планирањето на активностите за работа со децата се одвиваше тимски, еднаш месечно на ниво на Активот на воспитувачи во објектот во консултација со педагогот. При тоа посебно внимание се водеше за изборот на темите, определувањето на развојните задачи, вклучувањето на децата по катчиња, индивидуализацијата и начините и формите на соработка со родителите. Сето тоа беше планирано почитувајќи ги детските потреби, желби и интереси, а со цел збогатување на нивните искуства и сознанија. Оваа година беа планирани и реализирани беа 9 теми и тоа:

1. **„ГРАДИНКЕ МОЈА МИЛА ВО СРЦЕТО МИ СЕ СВИЛА "**
2. **„ ВО ДЕТСКИОТ СВЕТ"**
3. **„ЕСЕНСКА СКАЗНА ЗА МАКЕДОНИЈА"**
4. **„СО ЕСЕНТА СЕ ЗБОГУВАМЕ НА ЗИМАТА И СЕ РАДУВАМЕ"**
5. **„СО ШТО ГО МЕРИМЕ ВРЕМЕТО"**
6. **„ СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА"**
7. **„ГИ САКАМЕ ЖИВОТНИТЕ"**
8. **„ВОДА ИЗВОР НА ЖИВОТОТ И КРЕАТОР НА ПРИРОДАТА"**
9. **„СООБРАЌАЈНО ШАРЕНИЛО"**

Изборот на содржини, активности и теми се планираа и реализираа според:

- карактеристики и специфичностите во самите групи;
- карактеристиките и специфичностите според возраст;
- различните услови за работа и опкружување.

Според овој вид на планирање и реализација на воспитно образовните групи имаше за цел да се поттикне развојот на детската самостојност, љубопитство, сознајни вештини, да се овозможи добра социјализација, а на возраст од 5 со 6 години се истакнуваа активностите кои се најнепосерно поврзани со подготовката за тргнување во училиште.

За реализација на горенаведените содржини се настојуваше:

- да се излезе во пресрет на индивидуалните и групните потреби на децата;
- да се применуваат пасивни и активни игровни активности во текот на денот;
- да се планираат образовни активности и оние кои придонесуваат за релаксација на децата во одредени периоди од денот;

- да се планираат активности внатре и надвор од занималната.

Развојните цели и задачи кои беа зацртани за реализација на воспитно образовната програма и план по месеци беше насочено кон развој на:

- Моторните способности (крупна и ситна моторика, рамнотежа, ориентација во простор).
- Перцептивни способности ( поттикнување и развој на сетилата).
- Когнитивни способности (проширување на детските петстави и знаења, усвојување и дефинирање на поими, воочување на причинско последични односи).
- Говорни способности (збогатување на детскиот речник, самостојно искажување, поттикнување на детско говорно творештво).
- Творечки способности ( развивање на творечка фантазија и креативно создавање на ликовни творби).
- Емоционален развој (поттикнување на позитвни чуваства, развивање на хуман однос, развивање на емоции за љубов, пријателство и др.).
- Социјален развој (развој на интерперсонални односи, поттикнување на соработка и заедништво).

Децата се поттикнуваа на решавање на практични проблеми низ игра и се упатуваа на снаоѓање во ситуации со кои можат да се соочат во секојдневниот живот, се стекнуваа со знаења низ одбрани и организирани содржини кои претставуваа извор на богата интелектуална стимулација која ја поттикнуваше детската љубопитност, насочувајки ја нивната мисловна активност кон повисоко развојно ниво.

Покрај ова, воспитувачите ги усогласуваа плановите со промените во поглед на педагошко-психолошките сознанија за развојот на детето. По обработката на секоја тема воспитувачите правеа анализа на реализираните активности, при што ги наведуваа проблемите во текот на реализацијата, даваа свои видувања и сугестии за понатамошната работа и за соработката со родителите и дополнителните активности во групата.

## 5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

### а) ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Годишниот извештај е заснован врз Годишната Програма за реализација на воспитно-образовната работа за 2012/2013 година која е донесена од страна на Управниот одбор на ЈДГ "Весели Цветови", а е во согласност со Програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки во кординација со Бирото за развој на образованието и Министерството за труд и социјална политика донесена во Септември 2007 година.

Приоритетни задачи и активности во рамките на програмските содржини беа :

- Зголемување на опфатот на децата по објекти;
- Внесување новини и осовременување на пристапите во програмирањето и планирањето на содржините за работата со децата;
- Изнаоѓање форми за соработка и вклучување на семејствата во реализацијата на воспитно-образовната програма;
- Навремено информирање на семејствата за психо-физичкиот раст и развој на децата;
- Планирање на активности за афирмирање на градинката;

Глобална оценка во врска со поставените програмски цели и задачи вградени во Годишната програма за работа е дека истите се успешно реализирани во насока на позитивно влијание на целокупниот развој на децата.

### б) ДЕТСКИ ЈАСЛИ

Во текот на годината, перманентно се водеше грижа во 5 групи јасли, за правилно спроведување на нега и исхрана на децата, како и грижа за усвојување и развивање на културно-хигиенски навики, исхрана и одржување на хигиената. За успешна реализација на игровните активности со децата од јаслена возраст, негователите се погрижија за средување и оплеменување на занималните со цел да се создаде пријатна атмосфера за престој на децата.

Особено внимание се посвети на внесувањето на игровни активности кои ќе го олеснат периодот на адаптација на новата средина и условите за престој, усвојувањето на хигиенските, културните навики како  и други дневни рутини, примена на соодветни стратегии за поддржување на раната социјализација, поттикнувањето на комуникациските и интеракциските односи меѓу децата и возрасните, поттикнување на емоционалниот развој, процесите на осознавање, примена на активности за поттикнување на говорот и за поттикнување и усовршување на моторичките вештини. Посебно внимание се обрна на опсервирање на  психофизичкиот развој на секое дете за што семејствата беа навремено информирани. Со топлиот однос на негователките и позитивното поттикнување, се помагаше децата слободно да растат и да се развиваат.

**В) ДЕТСКА ГРАДИНКА**

Со својата организациска, планска и програмска поставеност, се реализираше континуирана воспитно-образовна дејност со децата од градинка, кои беа опфатени во 24 воспитни групи.

Реализираните програмски активности имаа за цел да им овозможат на децата:

- доволно време за истражување на околината;
- учење и осознавање според сопственото темпо на развој;
- можност за учење на повеќе начини;
- истражување и доаѓање до сознанија;
- воведување во техниките на разрешување на конфликтите и конструктивно решавање на проблемите;
- воведување во начините на канализирање на негативните емоции;
- можност да прават избор на активностите за тековниот ден;
- можност за презентирање на сопствените знаења, мислења и творечко изразување.

Особено внимание се обрна на индивидуализацијата. За таа цел беа планирани активности почитувајќи ја сензибилната фаза во која се наоѓа  детето и во сообразност со тоа варираше обемот на активностите и целите кои при тоа требаше да се постигнат. Исто така, се планираа и реализираа активности за релаксација низ игри и вежби за деца; меѓу активности кои се применуваа при премините од една во друга активност, активности кои се реализираа при пристигнувањето на децата во градинката; актив-

ности планирани во групното време и воведување во активностите кои следуваа во текот на  денот.

Игрите на отворено беа секојдневно планирани и се  реализираа  во зависност од временските прилики и реквизитите со кои се опремени дворовите во објектите.

Развојните законитости кај секоја детска индивидуа претставуваат императив за потребата од осознавање и учење по пат на игра, интеракција и решавање на секакви програмски ситуации од страна на секое дете.

Посебен облик на документирана работа е детското портфолијо кое претставува следење на детскиот развој и негово напредување.

Две воспитни групи во објект "Кокиче" и објект "Сончоглед" се опфатени со примената на Монтесори педагогијата. Во рамките на секојдневните активности воспитувачите ги имплементира основните Монтесори принципи и го  користеа Монтесори материјалот.

Во Годишниот план и програма за работа планирани беа 20 проектни активности во текот на учебната 2012/2013 година во сите 4 објекти. На ниво на Установа, на активот на воспитувачи, на ниво на објекти и пред родителите презентирани се вкупно 16 проектни активности.  Разработени беа тематски целини и области од воспитно образовната работа низ следните чекори: планирање, реализација, следење и евалуација. Во текот на реализацијата на проектните активности воспитувачите планираните активности ги забележуваа во педагошката документација.

**<u>Објект Синоличка</u>**

- Проект "Мали хуманитарци" - презентер, воспитувач Валентина Божиновска со децата од воспитната група од 4-5год. – Април 2013 г.

- Проект "Здрава храна за детство  без мана" – презентер воспитувач Ана Дејановска со децата од воспитната група на возраст од 5-6год. - Мај  2013год.

- Проект "Моето ковчеже" - презентер воспитувач Лилјана Ангеловска, со децата на возраст од 5-6 години –Април 2013год.

- Проект “Спротивности“ – презентер Јулијана Димитриевска, со децата на возраст од 4-5 години –Април 2013г.

**<u>Објект Мимоза</u>**

- Проект "Сообраќајно воспитување кај предучилишните деца" - презентер, воспитувач Жаклина Јорданова - Март 2013г;

- Проект "Како се разболуваме, како се лекуваме" - презентер, воспитувач Искра Давкова – Март 2013 г;

- Проект "Бели, бели бисерчиња сјаат на убавата детска насмевка" - презентер, воспитувач Анета Апостолска - Мај 2013 г;

**<u>Објект Кокиче</u>**

- Поект "Интегрирани програми " - презентер, воспитувач Брауновиќ Билјана, со децата од воспитната група на возраст од 4-5 год. - Јуни 2013г;

- Проект "Македонско народно творештво" - презентер, воспитувач Анета Младенова, со децата од воспитната група на возраст од 5-6год. -Јуни 2013г.

**<u>Објект Сончоглед</u>**

- Проект "Од зрно пченица до брашно и леб" - презентер, воспитувач Јулијана Елисковска Илиевска, со децата од воспитната група на возраст од 3-4год. – Април 2013год;

- Проект "Здрава храна" - презентер, воспитувач Силвана Васевска, со децата од воспитната група на возраст од 5-6год. - Мај 2013г;

- Проект "Што се можат малите рачиња" - презентер, воспитувач Николина Вељановска, со децата од воспитната група на возраст од 2-3год. – Мај 2013 год;

- Проект "Учење преку пет сетила" - презентер, воспитувач Клементина Петрушевска, со децата од воспитната група на возраст од 5-6год. – Мај 2013г;

- Проект "Природата е наша мајка" - презентер, воспитувач Зорица Гунов, со децата од воспитната група на возраст од 4-5год. - Мај 2013г;

- Проект "Без вода нема живот" - презентер, воспитувач Зорица Цингуловска, со децата од воспитната група на возраст од 3-4год. - Мај 2013г;

- Проект "Од зрно грозје до сок и вино " - презентер, воспитувач Станка Баџакова, со децата од воспитната група на возраст од 2-3год. - Февруари 2013г;

## 6. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКИОТ И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

**СОВЕТ НА ВОСПИТУВАЧИ:**

За стручно усовршување на воспитувачите беа организирани предавања на следните теми:

-**"Дисциплината некогаш и денес" -**презентер психолог Охрида Арсовска
- "**Комуникација и социјализација низ игра**" - презентер, дефектолог м-р Анета Јовановска;
- **"Организација на воспитно образовните активности"**- презентер, педагог Љиљана Темелковска;
- "**Улогата на прирачната литература за деца во унапредување на воспитно образовниот процес**" -презентер м-р Ели Маказлиева, главен уредник во Просветно дело
- "**Улогата на ликовниот материјал во воспитно образовниот проце во детските градинки**"- презентер, воспитувач Весна Пецева од ЈДГ "13 Ноември" -Скопје
**-** "**Учење низ проекти во детските градинки**"- презентер проф. д-р Татијана Котева
-"**Интегрирани програми- 3 во 1"-** презентер воспитувач Билјана Брауновиќ
**-** "**Старата скопска чаршија низ вековите**"- предавач воспитувач Искра Давковска
**-** "**Улогата на играта и играчките во детскиот развој**- презентер воспитувач Ана

Дејановска

**- ”Историски развој на театарот со сенки”-** презентер воспитувач Лилјана Ангеловска

**- ”Салмонелоза**”- презентер, медицинска сестра Марија Димитрова

**СОВЕТ НА НЕГУВАТЕЛИ**:

За стручно усовршување на згрижувачкиот персонал се одржаа следните активности:

-“**Дисциплината некогаш и денес”-** презентер психолог Охрида Арсовска;

-“**Комуникација и социјализација низ игра**”- презентер, дефектолог м-р Анета Јовановска;

- "**Салмонелоза"-** презентер, медицинска сестра Марија Димитрова

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА КАДАРОТ НАДВОР ОД ГРАДИНКАТА**

Активностите се одвиваа преку:

- Соработка со предучилишни установи  во градот, установи на ниво на ОКВ и соработка со пошироката општествена средина.

- Учество на обука ”Проекти и проектен менаџмент”- во Струга, учесник Иванка Богоев

- Трибина на тема:”Со безбедна храна до подобро здравје  “ организирано во просториите на Општина Кисела Вода од страна на Агенцијата за храна

-Трибина организирана во ОКВ на тема: "Психофизичка подготовка на децата за премин од предучилишно воспитание во училишно образование"

- Посета на саем на Пертини играчки во Белград Р. Србија
- Учество на семинар "Биомедицински третман на аутизмот"-Даре Џамбаз-Скопје

- Учество на обука за "Дијагностика и третман на развојни нарушување"-Филозофски факултет-Скопје

- Учество на XIV Меѓународна научно-практична конференција Тема: "Современи тенденција во предучилишното воспитување", Саднански , Р. Бугарија

## 7. ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Грижата за безбедноста и здравјето на децата е една од приоритетните задачи на секој кој учествува во згрижувањето на децата,а воедно основна потреба и право на секое дете.

Реализатор на здраствената дејност е главната медицинска сестра во тесна соработка со стручен тим составен од: педагог, психолог, дефектолог, логопед, а во координација со директорот на установата,негователите,родителите и сите останати фактори кои се вклучени во остварување на овие задачи.

Во текот на учебната 2012/2013 година беа реализирани следниве активности во делот на здраствената дејност:

1. Водење досие за секое дете

2. Следење на физичкиот развој на децата

3. Опсервација, тестирање, следење и рехабилитација на артикулативните проблеми

4. Здравствена заштита и превенција од болести

5. Организација на задолжителни медицински прегледи на вработените

6. Набавка на санитетски материјали

7. Набавка и презентација на средства за хигиена

8. Контрола на хигиената во сите работни објекти

9. Организација и контрола на исхраната на децата

10. Едукативни предавања на децата

11. Едукативни предавања на вработениот персонал

12. Поддршка на Стратегијата за орално здравје кај децата од предучилишна возраст

13. Евиденција на заразни заболувања

14. Дополнителни содржини

**1. Водење досие за секое дете**

При прием на секое новопримено дете беше отворено досие во кое се внесуваа личните податоци за детето, податоци за календарска имунизацуја, податоци за минати или сегашни болести како и податоци за родителите на детето. Досието на детето во текот на школската година се надополнуваше со податоци за извршените антрополошки мерења, прележани болести и слично.

**2. Следење на физичкиот развој на детето**

За подобар увид во развојот на детето беа вклучени антрополошки мерења кои опфаќаат:

-мерење на телесна тежина
-мерење висина
-мерење на обемот на главата
-мерење на градниот кош
-мерење на абдоменот

Добиените мерки се внесуваат во досието на детето, а дополнително се прави и листа на сите измерени деца поединечно по група која се истакнува на влезната врата за информирање на родителите.

И оваа година со проектот "Физичко воспитување за секое дете", поддржан од Градоначалникот и Советот на општина Кисела Вода, а во реализација на Унијата на спортски педагози беа направени додатни антрополошки мерења од стручни лица кои ќе послужат за истражувања во дадената област.

**3. Превентива, тестирање, дијагностика и рехабилитација на артикулативните проблеми**

- Логопедска превентива се одвива на календарска возраст од 3 до 6 години и вклучува детектриање и откривање на говорно јазичните пореметувања.

- Логопедско тестирање со тест за артикулација на гласовите.
- Логопедска дијагносатика одредување на тераписка програма тоа:

- Вежби за еластичност на јазикот, вежби за третман на говорот, вежби за аудитивен развој, вежби за артикулационо стимулирање на гласот, вежби за усвојување и употреба на новиот глас, вежби за аудиолошка перцепција на гласови и следење на говорно јазичната функција.

- Логопедска рехабилитација низ логопедски активности кои се: индивидуални говорни вежби, групна тераписка работа и креативна говорна работилница.

**4. Здравствена заштита и превенција од болести**

Во текот на годината се презема превентивни мерки за спречување на заразни заболувања, посебно на аерокапкови инфекции преку спроведување дезинфекција на сите подни површини, предмети, играчки инвентар, а кај децата кај кој постоеше сомневање беа упатувани за брис од нос и грло со цел навремено да се реагира.

Здравствената заштита на децата се реализираше во соработка со Здравствени институци, односно стручни лица: аудиолози, логопеди стоматолози и слично кои во текот на годината по точно утврден план ги пргледуваат децата.

Соработка беше реализирана со ЈЗУ" Завод за рехабилитација на слух, говор и глас"–Скопје, со Здравствениот дом "11 Октомври", Поликлиника "Јане Сандански" и други.

**4. Организација на задолжителни медицински прегледи на вработените**

Во текот на годината беа организирани санитарни прегледи и тоа :

- еднаш годишно за сите вработени
- два пати годишно за лицата кои работат во кујните и нивните заменици

Сите вработени извршија лекарски преглед согласно измените на Законот со кој се одредува здравствената способност на работникот.

**5. Набавка на санитетски материјал**

Секој објект беше снабден со санитетски материјал за примарна помош при повреда. Покрај класичните средства за хигиена се набави нов тип концентрати со еколошка линија кои се ефикасни и за истите беше извршена обука на техничкиот персонал од страна на стручни лица.

**6. Контрола на хигиената на сите објекти**

Во континуитет беше вршена контрола на објектите, и тоа: редовно одржување хигиена на постелнината, играчките, санитарните чворови, подните површини и сл. Хигиената беше на високо ниво при што имаше голема ефикасност во текот на целата година .

Покрај класичните средства за хигиена се набави нов тип концентрати со еколошка линија кои се ефикасни и за истите беше извршена обука на техничкиот персонал од страна на стручни лица.

**7. Организација и контрола на исхрана на децата**

Исхраната на децата како битен фактор за растот и развојот на детската личност беше планирана од комисија за изготвување на двонеделна листа за јадење секој месец. Комисијата внимаваше децата да добиваат избалансирана исхрана во однос на дневните енергетски потреби внимавајки на соодносот на протеините, јаглените хидрати и мастите според возраста на децата која ќе придонесе за правилен психофизички развој.

**8. Едукативни предавања со децата и вработените**

Во секој објект беа организирани предавања од страна на стоматолози преку презентација на едукативен видео запис "Здрави заби".

**9.Евиденција на заразни болести**

Оваа година имавме заболени деца од следниве болести:

- Streptococcus pneumonia, Varicellae, Scarlatina, Staphylococcus aureus и Salmonella enteritidis.

**10. Дополнителни содржини**

- Спроведување дезинфекција,дезинсекција и дератизација според одредена динамика и во одредени ситуации,се спроведуваше и интервентна ЗД.

- Редовна дистрибуција и контрола на евидентни листи за HACCP систем и комуникација со Дирекцијата за храна.

- Набавка на нов кујнски инвентар по објекти.

- Соработка со санитарниот, ветеринарниот инспектор и инспекторот од Републичкиот завод за унапредување на домакинството за производство и припрема на храна според условите пропишани со член 12 од Законот за безбедноста на храна и Правилникот за санитарно хигиенски услови за производство на храна.

- Спроведување на други активности кои беа поврзани со природата на работата.

## 8. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Во рамките на јавната и културна дејност на градинката,во работната 2012/2013 год. беа реализирани бројни активности: прослави, настапи на јавни манифестации, учество на ликовни конкурси, и тоа:

**а) снимање на радио и ТВ емисии**

**-** учество во Телевизија МТВ на децата на возраст од 5-6 години.

**б) учество на ликовни конкурси, детски фестивали и други манифестации**

Голем број деца од сите објекти зедоа учество во следните ликовни конкурси :

- Учество на ликовниот конкурс “**Ѓурѓовден”** во организација на ОКВ;

- Учество на ликовниот конкурс во организација на Детскиот Културен Центар Карпош под наслов **“Честитка за 8ми Март “**

- Учество на ликовниот конкурс по повод 13 Ноември-празникот на град Скопје.

- Учество во хуманитарна акција "**Преграткa на дар**"

- Учество на воспитниот тим од Установата со театарската претстава **“Нова година во пештерата на баба Меца”** во ОУ "Невена Георгиева Дуња", ОУ "Партение Зографски", Цементарница Усје, Завод за рехабилитација на деца и младинци-Топанско поле, Скопје

- Учество на манифестацијата "**Го градам мојот град**" во организација на Детскиот културен центар-Карпош

Во текот на годината децата од сите објекти имаа можност да ги проследат претставите:

- **“Девојчето и 12 те месеци”** - театарска претстава во изведба на театарот Крик, ја проследија децата.

- **“Принцезата и свињарот”** - театарска претстав во изведба на театарот Арт Вени Види;

- **“Шушумиги”** – театарска претстава во изведба на театарот за деца КРИК.

**АКТИВНОСТИ ВО УСТАНОВАТА**

И оваа година во Установата беа организирани бројни активности за одбележување на значајни настани и поводи и тоа:

## <u>Во објект Сончоглед беа реализирани следните активности:</u>

- **“Добро ни дојдовте нови другарчиња** приредба, учесници децата од сите воспитни групи од објектот;

- Одбележување на празникот 8-ми Септември- Денот на независноста, со приредба од децата од воспитната група 5 - 6 години;

- Оплеменување на дворот во градинката, садење на садници кои се донација од цементарница Усје, со учество на децата од воспитните групи на возраст од 5-6 години.

- "**Дедовата ракавица**"**-** куклена претстава изведена пред децата од сите воспитни групи од страна на воспитниот тим на објектот;

- Одбележување на Недела на детето со повеќе активности.

- Одбележување на празникот 11-ти Октомври со положување на свежо цвеќе на споменикот во ОУ "Круме Кепески", реализатори децата од воспитната група од 5 до 6 години .

- Квиз натпревар во сала- учесници децата од сите воспитни групи.

- Посета на Природно научниот музеј и Зоолошка градина, учесници децата од воспитните групи на возраст од 5-6 години.

- Одбележување на празникот на градот Скопје 13 Ноември со пригодна приредба на децата од воспитните групи од 5 - 6 години пред децата од сите воспитни групи во објектот;

- "**Кој е најважен (Овошна караница)**"-куклена претстава, реализатори воспитниот тим на објектот пред децата од сите воспитни групи

- "**Волшебствата на жолтите лиса**" -есенска работилница со децата од воспитна група у на возраст од 4-5 години.

- "**Куќичката на зајачето"-** куклена претстава, реализатори воспитниот тим на објектот пред децата од сите воспитни групи

- "**Патувањето на есенскиот лист"-**приредба реализирана од децата од воспитна група 4-5 години.

-"**Ај со здравје Есенко"-**приредба реализирана од децата од воспитна група 4-5 и 5-6 години пред децата од другите воспитни групи и пред родителите.

- Есенска работилница со родителите и децата од сите воспитни групи.

- Изработка на новогодишни украси и украсување на просториите на објектот со учество на целиот воспитниот тим и децата од сите воспитни групи.

- "**Двајца снешковци"-** драматизација реализирана од целиот воспитен тим пред децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години.

- "**Топла облека**" -модна ревија, учесници децата од воспитните групи на возраст од 2 до 6 години.

- Дружење со учениците од ОУ "Круме Кепески" по повод новогодишните и божиќните празници

- "**Мали готвачи**" -правиме новогодишни колачи-учесници децата од воспитните групи на возраст 4-6 години.

- По повод Новата година децата ја проследија претставата **"Нова година во пештерата на баба Меца"** во изведба на воспитниот тим од Установата;

- Изложба на цртежи на тема "**Како ја прославивме Нова година**", учесници децата од сите воспитни групи

- Запознавање со традицијата за одбележување на верските празници **Бадник и Божик**.

- "**Кој го украде морковчето на снешко**"**-** драматизација, реализатори воспитниот тим пред децата од сите воспитни групи.

- "**Како да го чуваме нашето здравје во зима**"**-**совет од др. Маја Давчевска , предавње пред децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години.

- "**Наша мала олимпијада**" -натпреварувачки игри-учесници децата од воспитните групи на возраст од 4 до 6 години.

**-**"**Снежната кралица-**" драматизација на приказна, реализатори воспитниот тим пред децата од сите воспитни групи.

- Говорни вежби и погодување на гатанки со натпреварувачки дух, учесници децата од воспитните групи на возраст од 4 до 6 години.

- "**Црвенкапа**"**-** драматизација, реализатори децата од воспитна група на возраст од 5-6 години пред децата од сите воспитни групи.

- "**Старата македонска песна**"**-** гостување на родител Зуица Лазова пред децата од воспитните групи на возраст од 4-6 години

- Одбележување на Денот на жената 8-ми Март со изработка на честитки за мајката и изведба на приредба, реализатори децата од воспитна група на возраст од 5-6 години пред децата од сите воспитни групи .

- Одбележување на патрониот празник на Установата со приредба, учесници децата од воспитната група на возраст од 5-6 години;

- Одбележување на роденденот на планетата Земја, со работна акција како да ја сочуваме планетата Земја, учесници децата од сите воспитни групи.

-"Боите на пролетта"-гостин ликовен уметник Александар Јованов-ликовна работилница со децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години.

- Игри без граници, пролетно дружење во сите воспитни групи со професорот по физичко воспитување.

- Модна ревија со костими изработени од рециклиран материјал, со децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години.

- Одбележување на денот на шегата **“Сите под маска”** учесници децата од сите воспитни групи.

-Посета на кејот на реката Вардар и посета на извор-учесници децата од воспитна група на возраст од 3-4 години.

- Одбележување на Денот на пролетта и екологијата со садење на садници во дворот на објектот со децата од воспитните групи на возраст од 5-6 години.

- Правење и поставување на еко пораки во дворот на градинката, со децата од воспитните групи на возраст од 4-5 години.

- Посета на расадникот Фоја учесници децата од воспитните групи на возраст од 4 до 6 години.

- **"Се од дрво"-** работилница со родители, учесници децата од од воспитна група на возраст од 4-5 години.

- "**Пролет мила расцветај"-** ликовна работилница со децата од сите воспитни групи

- Одбележување на 1-ви Мај, ден на трудот, со читање на текстови посветени на празникот.

- По повод верскиот празник Велигден, одржани се работилници во сите воспитни групи со изработка на велигденски украси;

- Одбележување на Денот на словенските просветители Кирил и Методиј, со со литературно читање пред децата од сите воспитни групи.

- Одбележување на Светскиот ден на детето- дефиле со пораки за децата и од децата-учесници децата од воспитните групи на возраст 4-6 години

- Полицаец гостин во градинката-учесници од воспитните групи на возраст 4-6 години

- "**Сеќавај се на мене**"**-** ликовни творби од ликовна работилница со децата од воспитните групи на возраст 5-6 години

- "Летни игри без граници" во дворот на градинката, учесници децата од сите воспитни групи

- "Натпреварувачки игри" во спортската сала, учесници децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години.

- "Музички игри" (музичко столче, воз, имитација на животни, звуци од природата, нардни песни и ора) реализатор музичкиот соработник, учесници децата од сите воспитни групи.

## Во објект Кокиче беа реализирани следните активности:

- "**Среќен роденден Татковино**"**-** одбележување на Денот на независноста ;

- **"Добро ни дојдовте другарчиња"** – заедничко дружење на децата од сите воспитни групи;

- **"Нечиста Стана"** – куклена претстава-реализатори воспитниот тим пред децата од сите воспитни групи.

- Одбележување на неделата на детето со следните активности:

- **"Цртање на плочник со креди во боја",** реализатори децата од сите воспитни групи.

-"**Запознај го детето со со неговите права и должности**" -заедничко дружење-презентери целиот воспиен тим

- "**Најубав подарок**" -работилница со децата во воспитна група 4-5 год со нивните баби.

-**“Како Влатко се загубил”** -куклена претстава - реализатори воспитниот тим пред децата од сите воспитни групи.

-"**Направи подарок за другарчето**"-работилница со децата во воспитна група 5-6 год

-"**Садиме цвеќе го разубавувавме дворот**"-работна акција на сите групи

-"**Украсување на градинката во есенско руво"-**учесници децата од сите воспитни групи

- "**Роденденска торта**"- одбележување на роденденот на градот Скопје.

-"**Есента ни дари**"-моделирање на есенско овошје -релизатори децата на возраст од 2-3 години

-"**Ден на толеранцијата**" -заедничко одбележување со пригодна програма

- "**Есенска работилница со бабите и дедовците"-** релизатори децата на возраст од 4-5 години

- "**Есента нас не кани со плодови не мами"-**приредба пред родителите во реализација на децата на возраст од 3-4 год.

-"**Испраќање на есенка"-**приредба пред родителите во реализација на децата на возраст од 5-6 год.

-"**Покажи се докажи се"-**квиз натпревар за утврдување на знаењата, учесници децата од воспи

-**“Изработка на новогодишни честитки и украси”** –работилница со децата и родителите од воспитна група 5-6 години.

-**“Нова година во пештерата на баба Меца”**-по повод Новата година децата ја проследија претставата во изведба на воспитниот тим од Установата;

- "**Бадник и Божиќ"-** одбележување на верските празници

- "**Снежна бела зима**"- читање на текстови за зимата пред децата од сите воспитни групи

-"**Баба раскажува за старата скопска чаршија**"- гостување на поетесата Милка Марковска

-"**Да се запознаеме со македонските народни инструменти**"**-** гостување на свајца дедовци инструменталисти

-Видео презентација на стари македонски занаети-пред децата од сите воспитни групи, релизатори целиот воспитен тим

-"**На фризер**"- учесници децата од воспитна група на возраст од 5-6 години.

-"**Снежната кралица**" **-** драматизација на приказната, реализатори воспитниот тим пред децата од сите воспитни групи.

- Одржана работилница во сите воспитни групи изработка на честитки и подароци по повод празникот 8 Март

-"**Болната мајка**"**-** драматизација на приказната, реализатори воспитниот тим пред децата од сите воспитни групи.

-"**Шумската дружина**" – куклена претстава, реализатори воспитниот тим пред децата од сите воспитни групи.

- "**Среќен роденден градинке моја**"**-** одбележување на роденденот на ЈДГ "Весели Цветови", учесници децата од сите воспитни групи

- "**Пролетно будење**"**-**активности со децата од сите воспитни групи

- "**Бал по маски**"-одбележување на денот на шегата-заеднички маскембал во дворот на градинката со сите воспитни групи

- "**Пролетно доживување**"**-**приредба на децата на возраст од 4-5 години.

- "**Мали експериментатори-експерименти со вода**"**-**учесници децата од сите воспитни групи
- Одбележување на Денот на планетата земја преку активности со децата од сите воспитни групи

- "**Пролетен танц на веселата шумска дружина**"**-**приредба во реализација на децата од 3-4 години

- Во пресрет на големиот Хрстијански празник-Велигден, со читање на текстови посветени на празникот.

- "**Најубаво украсено велигденско јајце**"**-**работилница со децата од сите воспитни групи

- "**Ѓурѓовденски колаж**"**-**сплет од народни обичи песни и ора- со децата од сите воспитни групи

-"**На гости во ОУ**"**Невена Георгиева Дуња**"- учесници децата на возраст од 5-6 години.

-"**Ако нема вода животот ќе згасне**"**-**преиредба пред децата од сите воспитни групи, релизатори децата од воспитна група 4-5 год

-"**Бумбаров лет**"**-**музичка активност со децата од сите воспитни групи

- **"Збогум градинке**" завршна приредба во паркот Шопен, реализатори децата на возраст од 5-6 години.

-Гостување во детската програма Ѕвон на МТВ-учесници девојчињата од групата на возраст од 5-6 години.

-"**Музички хепенинг**"**-**учесници децата од сите воспитни групи.

-Sparkasse банка и Медо Штедо- реализираа активности пред децата од сите воспитни групи

- "Музички хепенинг" –реализатор музичкиот соработник, учесници децата од сите воспитни групи.

- "На одмор"-активости со цртање, боење, драматизација, игри на плажа,на планина, на езеро, учесници децата од сите воспитни групи.

<u>Во објектот  Синоличка  беа  реализирани  следните  активности:</u>

- **“Добро ни дојдовте другарчиња”** –приредба по повод почетокот на учебната година– учесници децата од воспитната група од 5-6 години пред децата од сите воспитни групи;
-Одбележување на  Денот на независноста, 8-ми Септември, приредба пред децата од сите воспитни групи

**-"Се за децата"-**приредба реализирана од децата од воспитна група 5-6 години,  пред децата од сите воспитни групи

**-"Желби за сите деца на свтот"-**цртање  на асвалт со креда со децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години

**-"Правата на децата"-**приредба реализирана од децата од воспитна група 5-6 години, пред родители

**-"Мала олимпијада"-**натпреварувачки игри во дворот на градинката со учество на децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години

-Посета на Зоолошка градина, учесници децата од воспитна група 5-6 години

- Приредба и одбележување на празникот **„11 Октомври**“ - реализатори децата од групите на возраст од 5-6 години пред децата од останатите воспитни групи

**- "Биди и ти Лино пријател"-**хуманитарна акција со децата од сите воспитни групи

- Посета на МОБ и следење на интерактивна претстава Клинг-Кланг- учесници децата на возраст од 5-6 години.

- Акција за разубавување на дворот-садење на свррќиња, со децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години

- Посета на оранжерија на градинарски култури, учесници децата на возраст од 5-6 години.

- Посета на Пазар, учесници децата на возраст од 5-6 години.

- Посета на СОС детско село, учесници децата на возраст од4- 5 години.

-"**Пееме за Скопје**"-работилница со родители(изработка на макета од отпаден материал) реализатори децата од воспитна група 4-5 години.

- Посета на  Музејот на град Скопје, учесници децата на возраст од 5-6 години.

- Прославуваме роденден на нашата библиотека "Синоличка" и прогласување на најчитач

- Посета на Девниот центар за церебрална парализа, по повод Светскиот ден на лицата со хендикеп, чесници децата на возраст од4- 5 години.

- "**Плодовите на есента**"-есенска  работилница со децата на возраст од 4-5 години.

-"**Богата есен"-** есенска работилница со децата на возраст од 5-6  години.

- Соработка со фондација "Д-р Михаил Левински" за акција за садење на желади од кои ќе израсната малди фиданки на даб, со учество на децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години

**- "Зеленчуковата градина на Лиска"-**театарска претстава реализатори воспитниот тим на објектот пред децата од сите воспитни групи

- **"Ај со здравје есенско"-** испраќање на есента со децата од сите воспитни групи

- **"Топла облека"-**театар со сенки реализатори воспитниот тим на објектот пред децата од сите воспитни групи

- Посета на  млекара во с. Трубарево, учесници децата на возраст од 5-6 години.

**-"Нова година во пештерата на баба Меца"**-по повод Новата година децата ја проследија претставата во изведба на воспитниот тим од Установата;

- "**Коледарска торбичка"-** коледарски обичаи реализатори децата од воспитна група на возраст од 5-6 години

-"**Зимски лудории"-** игри на снег, релизатори децата од воспитните групи на возраст од 4 до 6 години.

**-"Посета на старата скопска чаршија ,** учесници децата на возраст од 4-5 и 5-6 години

- "**Подарок за мама"-**работилница  со родители на децата на возраст од 4-5 и 5-6 години

- "**Од децата за децата**"-хуманитарен осмомартовски базар организиран од децата и вработените во објектот

- "**Дизајн на книга за деца**"**-**работилница  со родители на децата на возраст од 4-5 години

- "**Дефиле под маски-Априлијада**" по повод денот на шегата во паркот „Шопен“ - учесници децата од сите воспитни групи;

- Донација во училиштето за деца со оштетен вид "Димитар Влахов" во присуство на стручниот тим, директорот и дел од децата од воспитна група на возраст од 4-5 години.

-  Одбележување на роденденот на ЈДГ "Весели Цветови" со децата од сите воспитни групи;

- Велигденска работилница со родителите и  децата од воспитна група 3-4 години

**-**"**Ѓурѓовден-цветно дефиле**"**-**учесници децата од воспитните групи 4-5 и 5-6 години

-  Посета на ОУ "Невена Георгиева Дуња"-учесници децата од воспитните групи  5-6 години

- **"Завршна приредба збогум градинке, здраво училиште"-**со децата од воспитните групи на возраст од 5-6 години

- Посета на аеродромот Александар Велики на децата од воспитна група 4-5 години

-Одбележување на Светскиот ден на детето со приредба на децата од воспитна група 4-5 години

-Учество на децата кои посетуваат балет во емисијата Ѕвон на МТВ

-"**Среќно да го дочекаме летото**"**-**забава на сите воспитни групи на возраст од 3-6 години.

- "Забавно лето"- игри од забавен  и натпреварувачки карактер, традиционални игри, говорни, ликовни игри, учесници децата од сите воспитни групи.

- "Музички игри" (музичко столче, воз, имитација на животни, звуци од природата, нардни песни и ора) реализатор музичкиот соработник, учесници децата од сите воспитни групи.

## Во објект  Мимоза беа реализирани следните активности:

- "**Добре ни дојдовте другарчиња"-**музички хепенинг, одбележување е почетокот на годината во сите воспитни групи

- Одбележан е Денот на независноста на Република Македонија  8ми Септември, во сите воспитни групи

-Еколошка акција, чистење и собирање на отпадоци во дворот на градинката-учесници децата од воспитна група 5-6 години.

-Хуманитарна акција, собирање на соблека, играчки и сликовници за децата од Центарот за социјалини грижи-учесници децата и родителите од сите воситни групи

- Хуманитарна акција, подготвуваме подароци за децата од Домот "11 Октомври"- учесници децата на возраст од 5-6 години

- "**Убаво е да си дете"-**ликовен хепенинг - учесници децата на возраст од 5-6 години

-" **Нечистата Стана"-** куклена претстава пред децата од сите воспитни групи во објектот од страна на воспитниот тим;

- **„Музички хепенинг“** - по повод Детската недела, учесници децата од сите воспитни групи;

- Приредба и одбележување на празникот 11 Октомври- реализатори децата од групите на возраст од 5-6 години пред децата од останатите воспитни групи.

- Посета на игровниот парк во ОУ "Партение Зографски"- учесници децата на возраст од 5-6 години

-"**На гости во ракометниот клуб Металург"-** учесници децата на возраст од 5-6 години

- "**Топла облека"-**куклена претстава релизатори целиот воспитен тим пред децата од сите воспитни групи

- "**Го градам својот град"-**учество на децватат на возраст од 5-6 години во Детскиот културен центар-Карпош

-" **Те сакам граду мој"-**прослава по повод 13-ти Ноември, ослободувањето на Скопје, со децата од сите воспитни групи

- **“Што знам за мојот град, мојата држава” –** квиз натпревар помеѓу децата од двете воспитни групи на возраст од 5-6 години.

- Новогодишно украсување на занималните, ходниците и влезовите во објектот

- Креативна работилница за изработка на новогодишни украси, лампиони-учесници децата од сите воспитни групи

-**“Нова година во пештерата на баба Меца”**-по повод Новата година децата ја проследија претставата во изведба на воспитниот тим од Установата;

- Одбележување на верските празници Бадник и Коледе;

-"**Божиќна приказна"-**раскажување на приказни во пресрет на хистовото раѓање пред децата од сите воспитни групи

-**“Снежната кралица”** -драматизација учесници децата од сите воспитни групи

**-”Зимски радости во дворот”-**дружење на децата од сите воспитни групи

**-” Шиеме облека за куклите”-**ликовна работилница со децата од воспитна група 5-6 години

- **”Изработуваме накит од глина”-**ликовна работилница со децата од воспитна група 2-3 години

**-” Шарен килим-”** ликовна работилница со децата од воспитна група 4-5 години

- **”Посета на старата скопска чаршија и Даут пашин Амам”,** учесници децата на возраст од 5-6 години

-Посета на Алкалоид, учесници децата на возраст од 5-6 години

- Креативна работилница за изработка на честитки со татковците на децата од воспитна група 2-3 години

- ”**Денот на сите мајки**”- одбележување на празникот 8-ми Март, Денот на жената, со пригодна приредба, учесници се децата од воспитни групи 5-6 години;

- **”Нашите вредни рачиња ем умеат, ем можат да изработат нешто вредно”-** ликовна работилница со децата од воспитна група 4-5 години

-**”Среќен роденден градинке моја”-**одбележување на роденденот на градинката, со пригодна приредба со децата од сите воспитни групи.

-**”Сите под маски”-** одбележување на 1-ви Април, Денот на шегата, во сите воспитни групи;

- **„Чист и уреден двор**“ -еко акција - учесници децата од сите воспитни групи.

- Посета на Етнолошки музиеј и Музеј на старата скопска чаршија Сулан Ан учесници децата од воспитна група 5-6 години

-Посета на кинески, кубански и мексикански ресторан- учесници децата од воспитна група 5-6 години

- Прослава на Денот на екологијата- учесници децата од сите воспитни групи.

-Одбележување на денот на општина Кисела Вода-Ѓурѓовден- со децата од сите воспитни групи

- Посета на ОУ ”Паретние Зографски” -учесници децата од воспитна група 5-6 години

- Одбележување на Денот на словенските просветители Кирил и Методиј

- Завршни приредби – со децата од двете воспитни групи на возраст од 5-6 години;

- "Музички игри" (музичко столче, воз, имитација на животни, звуци од природата, нардни песни и ора) реализатор музичкиот соработник, учесници децата од сите воспитни групи.

- "Весели лето"-збир на активностои кои се реализираа во дворот(игри во песочник-одиме на плажа) игри во занимална (волшебно торбиче, творечки игри во куклено катче)

## Други форми на работа

Во врска со другите форми на работа во градинката и оваа година дел од децата од сите објекти посетуваа активност по балет со балерината Маја Каревски, кој родителите додатно ја финансираа со одлука на Советот на родители на ниво на градинка.

Во однос на физичкото воспитување, Градоначалникот и Советот на општина Кисела Вода обезбедија бесплатна едукација по Физичко воспитување за децата од 3-6 годишна возраст, која се реализираше преку проектот на Унијата на спортски педагози во градинките и училиштата.

Проектот беше успешно реализиран. Наставата се одвиваше два пати неделно во траење од 30 минути, со сите деца од 3-6 годишна возраст.

## СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОСТВАРУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ ПОСЕТИ

Соработката се реализираше преку размена на знаења, искуства и идеи во форма на приредби, одбележување на јубилеи и присуство на проекти со теми од различни области.

- Посета на предучилишни установи:

- ЈДГ ”8 Март” - отварање на нов клон Ѕуница во с.Драчево”.

- ЈДГ ”Буба Мара” објект Пчелка - презентација на проект ”Ајде да селектираме''.

- ЈДГ ”Росица” - презентација на проектот “Размислувам како да мислам”.

- ЈДГ ”Срничка” - презентација на проектот “Знам за тебе знам за себе”.

- ЈДГ ”Корчагин” - презентација на проектот ”Екологија”.

- ЈДГ ”Мајски Цвет”- презентација на проектот ”Велигденски радосто вон ашата градинка”.

- ЈДГ ” 25 Мај” презентација на проектот “Од дрво до мебел”.

- ЈДГ ” Фидани” одбележување на патронен празник.

- ЈДГ ”Кочо Рацин” одбележување на патронен празник.

- ЈДГ ”11 Октомври” - презентација на проектот ”Етничка заедница” - поддржано од Норвешката амбасада.

- Учество во цветно дефиле за одбележувањето на празникот на ОКВ “Ѓурѓовден” и настап со две точки:

- Посета на одбележување на јубилеј во О.У. ”Кузман Јосифовски Питу”.

- Децата и вработените од Установата земаа учество во реализацијата на проектот организиран од Владата на РМ “Засади дрво - засади ја својата иднина”

-Соработка е остварена со АД Цементарница “Усје” - реализирано е од нивна страна хортикултурно уредување на дворот со цвеќиња кои заедно со децата беа засадени во првата недела од учебната година.

Посебна соработка на ниво на општина Кисела Вода, Установата оствари со ЈДГ ”8 Март” во однос на посети, размена на искуства присуство на разни манифестации и презентации и други активности.

- Донација во Државното училиште за деца и млади со оштетен вид "Димитар Влахов"

**СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ**

Во учебната 2012/2013 година постигната е активна соработка со родителите низ повеќе облици, разновидни, спонтани и планирани начини и форми на заемно комуницирање и дејствување.

Најуспешни и најчести облици на соработка со родителите беа индивидуалните средби и тоа преку секојдневните разговори меѓу родителите и воспитувачите при носење на децата во градинката и помеѓу родителите и негователките, при земање на децата од градинка и тоа за нај карактеристичните манифестации што се забележани во текот на денот кај детето и за сето она кое што го интересира родителот во врска со неговото дете и тоа посебно за новозапишаните деца.

Писмена комуникација со родителите најчесто се реализираше еднострано и тоа градинката кон семејството како информации со различна содржина.

Едукација на родителите се реализираше преку стручни написи на паноата во влезовите од објектите, преку фотографии од соодветно реализирана активност а воглавно преку веб-страната на градинката која оваа година беше доста посетена од страна на родителите и децата и останатите граѓани на ОКВ и пошироко.

Друга форма на соработка која се применуваше беа и родителските состаноци кои задолжително се одржуваа двапати во годината, а по потреба и почесто. На нив се разгледуваа теми од областа на воспитувањето на детето, значењето на соработката како и актуелни прашања од областа на здравствената заштита, животот и работата во градинката.

Во објект Сончоглед-оствaривме успешна соработка со родител др. Маја Давчевска која го реализираше теоретско преавање на тема „Како да го чуваме нашето здравје во зима“

Други форми на соработка со родителите беа и приредбите и прославите во кои учествуваа децата, со цел да се информираат родителите, за она што научиле децата од поодделни подрачја.

Вклучувањето на родителите во реализација на воспитно-образовната работа како форма на соработка и организирање на родендени прошетки до разни институции беше успешна и поддржана од страна на многу родители кои можеа да си го дозволат тоа заради спецификата на нивната работа.

Соработката со родителите се одвиваше и преку заеднички работилници родители-деца-вработени на ниво на група и објекти и тоа преку разни форми како: есенски работилници, новогодишни работилници, работилници со татковци по повод празникот 8 Март, велигденски работилници. Со тоа се негуваше отвореноста на градинката кон родителите (семејството) која претставува битна алка во синџирот што значи воспитување.

Различните форми придонесоа за зголемено присуство на родители по објектите со цел одржување позитивен однос со родителите, зголемување на квалитетот на комуникацијата помеѓу воспитувачите и родителите, создавање доверба и сигурност за

што поактивно вклучување во програмата, воспоставување партнерски однос , создавање поповолни услови за правилен развој и позитивни влијанија во севкупниот развој на децата.

Соработката со родители беше остварена и преку многу донации на дидактички материјали, играчки, потрошен материјал, како и материјали за естетско разубавување на објектите по разни поводи.

За подобра соработка и комуникација со родителите постои Совет на родители на ниво на објекти и Совет на родители на ниво на Установа.

Советот на родители на ниво на Установа го сочинуваат 5 члена претставници на родители чии деца престојуваат во Установата, и тоа по 1 родител од објект Кокиче, објект Мимоза и објект Синоличка и 2 родители од објект Сончоглед.

-Младен Колариќ-родител од објект Синоличка (претседател на Советот на родители)
-Билјана Коруноска– родител од објект Кокиче
-Татјана Пешиќ Николовска- роситeл од објект Мимоза
-Павлина Илиевска- родител од објект Сончоглед
-Тамара Камнар -родител од објект Сончоглед

Советот ја следеше работата на Установата, разгледуваше и даваше мислења за остварување на дејноста, се грижеше и даваше мислења и идеи за реализирање на зацртаните активности во Програмата за работа со децата и можност за спонзорства.

Управен одбор на ниво на Установа го сочинуваат 7 члена, 2 претставници од ОКВ, 1 претставник од Установата, 2 претставници од Советот на родители, 1 претставник од град Скопје и 1 претставник од МТСП.

Оваа година членови на Управниот одбор беа:

- Филип Камчев-претставник од ОКВ
- Татјана Наумова- претставник од ОКВ
- Наталија Наумовска- претставник од Установата,
- Младен Колариќ-претставник од Совет на родители
- Билјана Коруноска-претставник од Совет на родители
- Мирјана Ќ. Димовска-претставник од град Скопје
- Митко Басов- претставник од МТСП

Работата на Управниот одбор се однесуваше на следење на тековните активности во Установата, носење на одлуки за непречено реализирање на секојдневните актвности во ЈДГ "Весели Цветови".

**СОРАБОТКА СО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**

Соработката со училиштата овозможи континуирано, систематско влијание врз воспитно-образовното ниво на децата. Согласно на тоа беа реализирани следните активности:

- Посета на децата од објект Мимоза во иговниот парк во ОУ "Партение Зографски" - Посета на ОУ "Невена Георгиева - Дуња", од страна на децата од воспитните групи 5-6 години од објект Синоличка.
- Учество на децата од објект Мимоза во садење на садници во ОУ "Партение Зографски"
- Одбележување на 11 Октомври со положување на цвеќе пред споменикот во ОУ "Круме Кепески"-учесници децата од воспитните групи 5-6 години од објект Сончоглед
- Дружење на децата од воспитните групи на возраст од 3 до 6 години од објект Сончоглед со учениците од ОУ "Круме Кепески" по повод Новогодишните и Божиќните празници
- Присуство на патроните празници во сите основни учлишта.

Се реализираа и индивидуални средби на воспитувачите и наставниците со цел да се запознаат со индивидуалните особености на децата, а при тоа се разменија искуства во врска со програмирањето и планирањето на содржините за реализирање на воспитно-образовната работа;

## 9. СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ

Градинката "Весели Цветови" на општина Кисела Вода во град Скопје е Установа која водејќи се по Законската регулатива прифаќа деца со посебни потреби и целосно ги вклучува во сите воспитно-образовни активности во детската градинка.

Процесот на инклузија е поддржан од целиот воспитно-образовен тим на детската градинка. За истиот да се имплементира посебно се посвети внимание на информирање

на родителите и децата за важноста од раното надминување на предрасудите и активно вклучување на сите деца во тековните активности во градинката. А со тоа се даваше поттик за градење стимулативна средина за ран детски развој.

Во учебната 2012/2013 година во Установата имаме згрижено деца на родители кои примаат социјална помош и самохрани мајки кои би требало да се заштитат од социјален аспект, а за кои Законот нема прецизни насоки со кои би можеле да дејствуваме и им овозможиме поприфатливи услови во однос на плаќање за престој во нашата установа.

## 10. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Активностите на Директорот во 2012/2013 година се базираа врз Годишната програма за работа со деца од предучилишна возраст во Јавните детски градинки согласно Законските одредби, Нормативите, актите на Јавната детска градинка, а во координација со вработените од Установата, членовите на Управниот одбор и Советот на родители, Градоначалникот и Советот на општина Кисела Вода, Секторот за образование, вклучувајки и други Сектори од општината и континуирана соработка со Бирото за развој на образованиетона РМ и Министерството за труд и социјална политика.

Во 2012/2013 година работата деца во Установата се реализираше во 29 воспитно- образовни групи од кои 4 групи јасли и 25 групи градинка со вкупна бројка од 796 деца.

Активностите на Директорот како организатор и координатор на целокупната работа на Установата за изминатата учебна 2012/2013 година, беа насочени на следните програмски подрачја:

- Создавање услови за нормално одвивање на целокупната дејноста во текот на учебната година;

- Контрола и надзор врз реализирањето на целокупната работа од страна на вработените, предвидена со Програмата за работа;

- Следење, контрола и надзор врз реализацијата на згрижувачко-воспитната и воспитно - образовната работа со децата;

- Непосредна соработка и координација со стручните работници во градинката, одговорните воспитувачи, работниците во административната служба, вработените по објектите, родителите и другите соработници со кои градинката соработуваше во текот на годината;

- Изготвување и содржинско осмислување на Годишната програма за работа на Установата и предлагање на Управниот одбор за усвојување;

- Содржинско осмислување и изготвување на Годишниот извештај за работата на Установата и предлагање на Управниот одбор;

- Учествуво во изготвувањето на Финансиски план на годишно ниво, за потребните финансиски средства за реализирање на дејноста и предлагање пред Управниот одбор;

- Учество во изготвување и предлагање Финансиски извештај до Управниот одбор за реализираните финансиски средства во минатата година за сопствените приходи;

- Редовно учество на седници на Управен одбор застапувајки ја Установата и реализирајќи ги одлуките и заклучоците, донесени по разни основи;

- Редовна контрола над работата на административно-финансиско работење на градинката;

Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирање на Планот за јавни набавки во Установата;

- Следење, контрола и надзор при изготвување на исхраната за децата, планирање на листата за јадење, контрола на артиклите од кои таа се подготвува;

- Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко-воспитната работа со децата;

- Донесување одлуки, решенија, наредби и укажувања со кои се регулираа определени прашања кои се од непосредна важност за нормално одвивање на дејноста;

- Непосредно учество во комисиите и директна реализација на Програмата за тековно и инвестиционо одржување, со цел да се подобри безбедноста на објектите и престојот на децата во нив;

- Непосредна контрола и примена на мерките за заштита при работа, предвидени со Законот, заради поголема безбедност во работата на сите вработени;

- Надзор и контрола врз работата на сите вработени со донесување на соодветни одлуки со кои се решаваа определени прашања, права и одговорности на вработените;

- Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;

- Следење и евалуација на работата на одговорните воспитувачи во објектите и стручна поддршка во дадена ситуација;

-Перманентно иницирање и спроведување аналитики од најразличен тип со цел, следење на состојбите и новонастанатите ситуации;

-Активно ангажирање во насока на афирмирање и презентирање на Установата пред надворешната јавност, како пример за успешна и добро реномирана градинка во градот, Републиката и надвор од неа;

-Редовна комуникација со родители на децата кои престојуваат во Установата преку индивидуални разговори, присуство на родителски средби групни средби, едукативни средби и други форми на соработка;

- Придонес во збогатувањето на фондот со детска и стручна литература, како и обезбедување на оптимални услови за нивно користење;

- Организација на целокупната соработка на градинката со други стручни органи и институции во градот и Републиката;

- Непосредна соработка и консултации со Градоначалникот, Раководителот на Секторот за образование спорт култура и предучилишно воспитување и други сектори од општина Кисела Вода;

- Соработка со стручните институции од локалната и општествената средина;

- Соработка и консултации со членовите на Управниот одбор на градинката;

- Соработка со членовите  на Советот на родители на градинката;

- Соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ, со цел поуспешно реализирање на основната фунција на градинката и подобрување на условите во кои престојуваат децата;

-Воспоставување  непосредна соработка со Бирото за развој на образованието на Македонија во рамките на реализацијата на воспитно-образовните содржини планирани со Програмата за работа;

- Континуирана соработка со јавните детски градинки во Скопје и Македонија по разни поводи, јубилеи, едукации,семинари презентации на проекти и т. н.

- Блиска соработка со училиштата на просторот на општина Кисела Вода;

-  Соработка со невладини и хуманитарни организации и фирми - донатори за подобрување на условите за работа и збогатување на игровниот и дидактички материјали;

- Континуирано, сопствено стручно усовршување од педагошки и психолошки аспект и самоевалуација на сопствената работата и соработка по разни основи со разни институции;

Реализацијата на овие активности во текот на оваа учебна година резултираа со подобрување на имиџот и реномето на Установата на ниво на општина Кисела Вода и пошироко.

Како Директор, мандатот го завршив на 31 . 07 . 2013 година бидејќи од лични причини се откажав од функцијата што успешно ја извршував од јануари 2002 г.до септември 2005г. и од јули 2007г. до денес.(31 . 07 . 2013г.)

Сите горенаведени активности кои беа континуирано и успешно реализирани од моја страна, придонесоа Установата да оди напред во секој поглед, со сите педизвици кои во текот на годината беа поттик  за мене како искусен Директор.

## 11. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ

### Преглед на активностите на педагогот

Врз основа на програмата за воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки донесена од Министерство за труд и социјана политика се состоше работата на педагог во учебната 2012/2013 година а со цел развој на детска личност и подобрување на воспитно-образовната работа во секој сегмент.

Работата се обавуваше во 4 објекти во Установата во 29 воспитни групи во кои 4 групи јасли и 25 групи градинка со број на деца кој се зголемување од ден на ден и на крајот на учебната година достигна 796 деца.

Во текот на целата година реализирани се бројни активности и тоа во насока на планирање и програмирање на воспитно-образовната работа. Следење и вреднување на воспитно-образовната работа како и унапредување и квалитетно реализирање на предвидените теми и содржини.

- Организирани се активи на воспитувачи и негуватели, во кој се подготвуваа месечните планирања на активностите.

Во текот на реализација на истите се следеше начинот на реализација, се даваа насоки и идеи за нивно поквалитетно и успешно реализирање.

Во текот на годината се следеше равојот на децата со индивидуален пристап или во зависност од потребата во соработка со воспитувачот од групата.

-За следење на работата на воспитувачите и децата по групи и објекти постоеше успешна соработка со стручниот тим психолог,дефектолог и од месец Април логопед во Установата.

- Посебно внимание се посвети во соработката со родителите низ неколку начини на работа и тоа индивидуални, консултативни, дружења и вклучување во реализирање на програмата од јавната и култирната дејност.

Се истакнува работата како педагог во советодавната и инструктивната работа со воспитниот и негувателскиот кадар посебно со новите воспитувачи. Редовно се проверуваше педагошката документација, се посветуваше внимание во учество на сите активи по објекти за стручно усовршување на вработените и следење и организирање на стручното усовршување на ниво на Установа.

-Оваа година посебно се даде акцент на изготвување проекти во сите објекти, со сите возрасни групи, при што беа реализирани 14 проекти на различни теми во кој работата на педагогот беше со советодавна и инструктивна работа.

Преку овие проекти се развиваше детското мислење и секое дете по сопствено темпо се прилагодуваше во учењето според холистички пристап.

- За едукација на вработените се настојуваше да се набави и насочи соодветна стручна литература која се применува во процесот на едукација на децата.

Воспитувачите беа секојдневно мотивирани за континуирано стручно усовршување и изработка на план за професионален развој и напредок во струката.

За подобрување на условите за работа се набавија соодветен дидактички материјал коцки, постери и музички сликовници.

- Учество во организирање на јавната и културна дејност и одбележување на сите верски и национални празници.

-Организирање на предвања за стручно усовршување на кадарот во кое учествуваа стручните соработници дефектологот и психологот.

-Создавање на оптимални услови за индивидуален развој и поддршка за родителите кои што деца имаат потешкотии во развојотили проблем во однесувањето.

-Учество во организирање на соработка на Установата со пошироката општествена средина а посебно со раководителот на одделение за предучилишно образование.

-Стручно усовршување со користење на стручна литература, посета на семинари, предавања и организирани трибини во ЈДГ на ниво на град Скопје и пошироко.

-Учество во работата за прием на деца и формирањето на групи во сите објекти како Претседател на Комисијата на Установата и учеството во работата на Стручен совет.

-Учествуво во избор и концепцијата на разни вонинституционални активности (балет и физичко воспитување- бесплатно организирано од ОКВ, а подржано од родителите и вработените)

Бројката на деца што чекаат за упис во нашата Установа е голема и тоа бара од нас дополнителни напори и ангажирање за успешно реализирање на воспитно-образовната и згрижувачка работа.

Реализирањето на работата како педагог не би била успешна доколку би ја немала добрата стручна соработка со Директорот на Установата која ја подржуваше секоја моја замисла како и стручниот тим дефектологот, психологот, логопедот и стручниот работник по музичко воспитување, кој со својата музичка надареност успеа сите манифестации во и надвор од Установата да покаже посебна специфичност по што се разликуваме од другите детски градинки.

Посебно се истакнува дека целокупната визија и планирани активности со успех се реализираа за тоа докажуваат признанијата на родителите како непосредни соработници со кои секогаш имавме соработка и постигнувавме позитивен успех. А посебно соработката со училиштата кои функционираат во нашата општина каде што нашите деца ќе го продолжат своето образование.

## Преглед на активностите на психологот

Работните обврски и задачи на психологот во Установата се засновани врз основа на Правилникот за организација и систематизација на работно место и Програмата за воспитно образовна работа со деца од предучилишна возраст. Според Програмата за работа на ЈДГ “Весели Цветови” моите активности ги реализирав во периодот **од 01.09.2012 до 10. 01.2013** година според неделниот распоред по објекти. Од 10.01.2013 година дадени ми се задолженија со согласност за распоредување во ОКВ на работно место соработник во Одделението за предучилишно воспитување.

Понеделник - објект  Мимоза

Вторник - објект  Кокиче

Среда - Управа

Четврток  - објект Сончоглед

Петок – објект  Синоличка

Во 2012/2013 година  работата во Установата се реализираше во 29 воспитно образовни групи од кои 4 групи јасли и 25 групи градинка со вкупна бројка од 796 деца. За следењето и реализирање на работните задачи секогаш постоеше успешна соработка со Директорот и  стручниот тим (педагог и дефектолог) на Установата.

**1.Планирање и програмирање, следење на воспитно образовната работа**

- Учество во иницијално интервју со родители при аплицирање за прием на деца во градинка .

- Формирање и структуирање на воспитните групи според возраста.

-Учествуво во подготовката на Годишната Програма за работа на Установата (програма за стручно усовршување, превентивни програми, соработка со родителите, соработка со општествеата средина).

- Секојдневно  позитивна соработка со воспитно – згрижувачкиот персонал за групата во целост како и за одредени деца кои покажуваат отстапувања во однесувањето,што придонесе да се надминат развојните потешкотии кај  децата  од одредена возраст.

- Учествуво во избор на дидактички материјал.

-Подготовка на план за сопствено стручно усовршување и професионален развој.

**2.Следење и вреднување на воспитно образовната работа**

- Учествуво во постојано следење и поттикнување на напредокот на учењето и развојот на децата .
- Учествуво во следење и вреднување на ефектите на иновативните активности и проекти, ефикасноста на ново организираните облици на работа во предучилишната установа.
- Следење на  процесот на периодот на адаптација во месец Септември и Октомври  на

ново примените деца (период кој е многу важен сегмент за позитивна сепарација како и за понатамошна социјализација и комуникација а кој е временски различен  кај децата и зависи од многу предуслови.

Периодот на адаптација беше различен подолг кај помалите деца, но кај поголемите деца во текот на годината се забележуваа ситуации со промена во желбата за одење во градинка и вклучување во секојдневните активности. Главна улога имаа разговорите со родителите и моите насоки за постепена адаптација и социјализација.

### 3.Работа со воспитно-негувателскиот кадар

Советодавна работа насочена кон унапредување на процесот на адаптација, вклучување во секојдневните активности и поттикнување на детскиот развој. Во одредени ситуации иницирав стручна поддршка на воспитувачите и негувателите за користење на различни техники, методи и инструменти за следење на децата.

-Давање  насоки за избор на нови содржини и форми за работа значајни за развојот на децата( примена на разни видови игри, секојдневни практични вежби, психолошки работилници и др).

- Секојдневно учествуво во прилагодување на децата на  ритамот на живот и работа во предучилишната установа со сите специфичности  според возраста и потребите ,со потикнување  на развој на социјална слобода,игра,и интеракција на децата со возрасните.

- Присуствуво на слободните и насочените активности со цел да го следам социјалниот, интелектуалниот и емоционалниот развој на децата.

- Подршка за зајакнување на компетенциите на воспитувачите беше во следниве области: комуникација и соработка,со родителите, конструктивно решавање на конфликти и проблеми со децата во група.
- Следење на социо – емоционалните контакти  и односи меѓу децата, односот на воспитувачите и негователите кон децата и давав сугестии и насоки за отстранување на евентуални нарушувања(страв,неприфаќање на авторитет,нарушена социјална комуникација,агресивно однесување,конфликт со врсниците).

-Запознавање на  воспитувачите со теоретските основи и начинот на користење на одредени принципи,методи,облици и средства во воспитно образовната работа.

**4.Работа со деца**

**-**Учествуво во орагнизацијата на прием на деца, следење на процесот на адаптација и поддршка во надминување на проблемите на адаптацијата.

- Учествуво во тимска работа за идентификување на деца на кои им е потребна помош во процесот на воспитување и образование, како и следење и реализирање на индивидуален пристап во работата со децата.

-Следење на атмосверата во занималната, комуникацијата меѓу децата и меѓу децата и воспитувачот, како, каде и со што игра, како ги изразува своите емоции, вниманието енергијата и однесувањето.

- Во текот на месеците Март и Април применив задачи-тестови со децата од воспитните групи на возраст од 5 до 6 години за одредување на нивната психофизичка подготовка за поаѓање во училиште.

- Во зависност од возраста кај децата организирав психолошки работилници со различни теми (многу интересни за децата затоа што се природни и спонтани разговори од секојдневното детско живеење и растење), видови игри, игри на меморија, ликовно изразување и разговор.

- Примената на сите овие форми на работа овозможуваа кај децата да се потикнат да чувствуваат радост во заедничките игри,позитивно да ги изразат своите емоции,да ја развијат својата детска фантазија,да бидат активни слушатели, да ја потикнуваат самоконтролата и многу други аспекти од детскиот раст и развој.
-Систематското набљудување и сите форми на работа беа реализирани групно или индивидуално со одмереност и доследност ,и секогаш со почитување на потребите,желбите и интересот на децата во корелација со нивната возраст.

-Идентификување и следење на децата со одредени потешкотии во психофизичкиот развој.

**5.Соработка со родители**

-Во текот на целата година добивав податоци од родителите за подобро запознавање и следење на развојот на децата и давав насоки за поуспешно семејно воспитување.

-Разговарав со родителите и давав насоки за децата кои имаат различни потешкотии во развојот, учењето и однесувањето.

## 6 . Учество во работата на стручните органи,институции и општествена средина

-Учествуво во работата на Стручниот совет на Установата.

Учествуво и соработка во организирање на разни манифестации, приредби, предавања, семинари и презентации на проекти во ЈДГ на ОКВ.

-Учествуво во организација на едукативна трибина на тема„ "Психофизичка подготовка на децата за премин од предучилишно воспитување во училипно образоваие“ во реализација на ОКВ Скопје со Раководителот на одделение за предучилишно воспитување г-ѓа Ирина Момироска.

**-** Учествуво на презентација на проекти и јубилејни приредби кои се организираа во ЈДГ во град Скопје.

- Учествуво во „Секција на психолози и педагози“ од сите предучилишни установи на ниво на град Скопје.

-Соработка со директорот и стручните соработници во подготовка на извештаи,организирање на предавања, работилници со деца и разни облици на стручно усовршување.

- Во делот на стручното усовршување на воспитно -згрижувачкиот персонал се реализира моето теоретско предавање на тема „Дисциплината некогаш и денес“ со изготвен прашалник на кои восптувачите и негувателите го искажаа нивното искуство во работата за оваа проблематика.

## 7.Стручно усовршување и документација

-Следење на стручна литература од областа на психологијата,теоретска разработка на некои области од детската психологија.

-Водење евиденција за сопствената работа: дневник за работата со деца по групи, односно психолошко досие за одреден број на деца за нивниот психофизички развој.

-Изготвена карта за психофизички развој кај децата која опфаќа сегменти од моторен, социемоционален, пристап кон учењето, јазик комуникација и когнитивен развој од 0 до 6 години кои се во согласност со „Стандардите за ран детски раст и развој “од МТСП.

Планираните активности кои се наведени во извештајот успешно се реализираа со континуирана соработка со Директорот, педагогот, дефектологот, воспитувачите и негувателите во Установата.

## Преглед на активности на дефектологот

Општественото организирано предучилишно воспитание е составен дел на воспитанието и образованието на единствениот и целосен воспитно-образовен ситем. Организираното предучилишно воспитание претставува основа за правилен психофизички развој на детето, поттик за развој на неговите способности, љубопитство, му овозможува стекнување на елементарни знаења за природата, за животот и работата на луѓето. Способност за изразување и создавање со говор, со движење, со музика и со ликовен израз во игата и во другите активности.

Главна цел е задоволување на потребата на сите деца за игра и заеднички живот, истото влијае врз нивниот позитивен емоционален и социјален развој.

Работата на дефектологот од месец Септември до 04.04.2013 година се реализираше во 2 детски градинки "8 Март" и "Весели Цветови" на ОКВ. Од Април и во тек работните активности ги реализира само во ЈДГ "Весели Цветови" според планот по објекти и тоа:

Понеделник-објект Сончоглед

Вторник- објект синоличка

Среда-објкет Кокиче

Четврток-Управа

Петок-објект Мимоза

Во текот на учебната 2012/2013 година во ЈДГ "Весели Цветови" во 29 воспитни групи беа вклучени 13 деца со пречки во развојот и тоа:

| Возраст | Објект Кокиче | Објект Синоличка | Објект Сончоглед | Објект Мимоза | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2-3 | | 1 | 1 | | 2 |
| 3-4 | | 3 | 2 | | 5 |
| 4-5 | | 1 | | | 1 |
| 5-6 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| Вкупно | 1 | 5 | 4 | 2 | 13 |

Во тек на учебната 2012/2013 година детектирани и индивидуално третирани деца со пречки во развојот се со различни наоди и мислења и тоа: (лесна попреченост во психичкиот развој,неразвиен говор и недоградена моторна организираност, хиперактивно однесување, епилепсија, аутистичен спектар на однесување, дисфазија и афазија, церебрална парализа, дисхармоничен развој, комбинирани пречки во психомоторниот развој Дг. Алалија, тешко оштетување на слухот и деца кои покажуваа одредени промени во однесувањето.)

Во текот на учебната 2012/2013 година поаѓањето во училиште беше одложено кај две деца и тоа со Наод и мислење од Институт за слух говор и глас со мислење за првото дете-Алалија и назадување во психичкиот, интелектуалниот и моторниот развој и за второто дете-Најтежок степен на оштетување на слухот Дг. Хипоакузис со два слушни амплификатора.

Главната цел од активностите во текот на годината беше целосната вклученост на децата со пречки во развојот во текот на сите активности во групата истакнувајќи ги сите нивни способности и можности. И тоа од периодот на адаптација, па се до вклучување во следење на театарски претстави, драматизации и активно учество во секојдневните насочени активности.

Работата беше реализирана пиз посебно адаптиран пристап и дидактика со кој е најдобар начин децата да се во тек и да се запознаат со темите од областа на Старата скопска чаршија, Убавините на есента, Зимските радости, Сообраќајот и многу други теми кои ги обработуваа воспитувачите со децата во групите.

Во зацртаниот Годишен план за работа на дефектологот го има делот на почитување на детскиот избор и негово користење во цел на реализирање на конкретно зацртани цели. Најдобар начин тоа да се реализа е преку методот на игра. Играта е основата и срцето на добрата воспитно-образовна работа, но и една од најдобрите корективно

рехабилитациони методи за работа со деца со пречки во развојот на предучилишна возраст.

''Сите деца сакаат да си играат само некои незнаат како''

Играта во текот на активностите кај децата поттикна (дружење, смеа, радост, го поттикна говорот и тоа низ вербална и невербална комуникација со деца и возрасни, телесен контакт. Децата ги активираа сите сетила, поттикна позитивни емоции, емпатија, научија како да се ориентираат во простор и време. По пат на обиди и грешки ги учеа правилата, демократскиот однос, учеа ред и дисциплина, непосредно им се развиваше и фината и грубата моторика, се насочи вниманието и интерест.

Кај сите деца се поттикна мотивацијата, мислењето, помнењето а со цел збогатување на практичната примена на ново научените поими од опкружувањето со истакнување на креативноста, активирање на имагинацијата, драматизацијата а со цел учење на игрите на улоги и секојдневно активно играње на својата најдобра улога, улога на дете.

Кај секое дете темпото на работа беше различно условено од голем број на фактори (отсуство од градинка поради болест, потешка адаптација, индивидуални третмани во други институции и друго). Но главно успехот беше забележлив кај поголем број од децата. За истото следење се изработи индивидуален план за секое дете во кој се опфаќаат подрачјата на комуникација, социјализација, графомоторни способности, социо-емоционален развој, когнитивен развој, однесување и интереси.

Следењето и процената на индивидуалниот развој на децата се реализираше преку изработка на Индивидуалниот план. Тоа е пишан документ каде се пополнуваат информации за детето во однос на детален опис на актуелното ниво на функционирање, индивидуалните карактеристики на детето (способности, потреби, интереси), детален опис на областите за кои се планира поддршката, цели и резултати кои се очекуваат. Овој пишан документ го воде дефектологот но во иднина ќе се надополнува со следењата од целиот стручен тим.

За секојдневна работа се организираше просторот за учење, игра и непосредна комуникација со децата. Најчесто работата се реализираше во групите, заедно со детето со пречки во развојот и со другите деца од групата. Како форма на работа се користеше фронталната форма на работа во центар, работа по групи и работа по парови

каде секогаш детето со пречки во развојот има другарче со кого учи, бои, црта или си игра.  Со тоа детето се водеше на полесен начин да постигне успех и да успее да е во чекор со активностите во кои учествуваат и неговите другарчиња. А воедно и да не се почувствува немоќно, неуспешно или помалку значајно. Улогата како учител за сите деца се покажа како добар начин на работа, сите деца подеднакво прифатија а со тоа што претставува позитивен модел за другарување, игра и учење заедно со детето со пречки во развојот така и тие полесно му пристапуваа и на ист начин на моменти како учители се однесуваа кон него. Но сепак играта, смеата и позитивните емоции, градењето на топлата клима во групите имаат важна улога во непречената работа и функционирањето на групите и работата на воспитно-негувателскиот тим.

За работата на дефектологот успешно да се реализира неопходна беше постојаната комуникација и соработка со педагогот, психологот а подоцна и со логопедот. Како стручен тим консултациите за секоја ново настаната ситуација како за развојот на децата така и за воспитно образовната работа беше континуирана.

Соработката со родителите беше консултативно советодавна и инструктивна а се со цел за подобар раст и развој на децата со печки во развојот.

Во секојдневната практика се рименуваа инструменти од дефектолошка теорија и практика прилагодени според предучилишната возраст. Листа за опсервација и за секојдневно следење на групите, Тестови и прашалници за следење на децата, се водеше Дневник за дневна реализација, изработка на Месечен извештај и Годишен извештај.

Во делот на стручно усовршување на воспитно-негувателскиот персонал се реализираше теоретско и практично предавање на тема "Комуникација и социјализација низ игра". Учество во подготовка и следење на теоретските предавања на стручниот тим. Активно учество во давање предлози и техничко изготвување на Проекти кои ги реализираа воспитувачите во текот на целата година.

Стручно усовршување на дефектологот во текот на 2012/2013 година се следните:
- на 28.02.2013 година го следев семинарот "Иновативен пристап во унапредување на раниот детски развој преку имплементирање на стандарди за рано учење и развој кај деца од 0-6 години"- во ЈДГ " 8 Март"
-Сертификат за следење на обука "Дијагностика и третман кај деца со развојни

нарушувања''- 1-2.06.2013 год. Филозофски факултет-Скопје
- Сертификат за учество на Меѓународна научно-практична конференција ''Современи тенденции во предучилишното воспитание'' 13-14.06. 2013 год. во Сандански Р. Бугарија
Соработката со другите инсититуции беше континуирана а се со цел полесен процес на инклузија на децата со пречки во развојот во предучилишната установа.

Зацртаната Програма за работа на дефектологот се реализираше успешно со континуирана соработка со Директорот, стручните служби и целиот воспитнио-образовен тим во градинката.

## Преглед на активности на логопедот

Работата како логопед во ЈДГ "Весели Цветови" започна на 04.04.2013 година во 4 објекти по следниов редослед:

Понеделник-објект Мимоза
Вторник-објект Кокиче
Средна-објект Управа
Четвртток-објект Сончоглед
Петок-Синоличка
Истата се темели на актуелната потреба за следење и испитување на одделни развојни процеси на детскиот говор и разоткривање на говорните специфичности во различни форми на говорот и отстапување кај децата од предучилишна возраст.

Активности во периодот беа насочени кон следењето, испитување на јазичната развиеност и корекција на говорното однесување во секојдневната воспитно образовната практика кое овозможи:

-Опсервација на децата во текот на секојдневните активности (наочени или слободни) во текот на играта, подготовка за појадок, ручек, одмор, а со тоа и следење на говорот кој ја дава објективната емоционална, интелектуална и социјална развиеност на децата.

- Следење и испитување а со цел на навремено откривање на специфичните видови на нарушувања и отстапувања во говорот од органско-функционална, емоционална и педагошка природа.

- Изработка на индивидуални програми и со кој се поттикнува и забрзува развојот на говорот и корекција на одредени гласови а воедно селедење на јазично-говорниот развој и комуникциските вештини на децата.

- При дијагностиката се зема во обзир општиот развој на детето, вклучувајќи ги социјалните развојни услови. Согласно предвидените активности како логопед во периодот од 04.04,2013 до 20.06.2013 година беа дијагностицирани вкупно 64 деца во сите објекти на возраст од 5 – 6 години (прилог табела).

| **Возраст 5-6 години** | **Објект Синоличка** | **Објект Сончоглед** | **Објект Мимоза** | **Објект Кокиче** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Rhotacizmus | 2 | 1 | 2 | 6 | **11** |
| Lamdacizmus | 5 | 6 | 9 | 6 | **26** |
| Sigmatizam | 6 | 9 | 5 | 4 | **24** |
| Razvina disphasija | 1 | / | 1 | / | **2** |
| Balbutitio | 1 | / | / | / | **1** |
| **Вкупно** | **15** | **16** | **17** | **16** | **64** |

- Индивудуализирани активности со деца со дислалија, развојна дисфазија и други потешки говорни нарушувања.

- Советодавна работа со воспитно/негувателскиот кадар со потенцирање на корективно развојните задачи и вежби а со цел точна и навремена корекција на говорот со посебен акцент на децата во групите на возраст од 5 до 6 години.

- Работа со родителите, советодавна и едукативна улога за адекватниот пристап и третман на деца со потешкотии во говорот и јазикот водејќи сметка за индивидуланиот пристап кој детето.

-Секојдневна комуникација и соработка со стручните работници во ЈДГ ''Весели Цветови'', педагог, психолог, дефектолог и ставање на акцент на подобрување на воспитно-образовниот процес во детската градинка и поттикнување на развојот на децата.

-Следење на секојдневните активности на ниво на групи и објекти, следење на проекти, презентации, приредби, стручни усовршувања и посета на другии детски градинки. Воедно реализирана беше средба и институци како Институт за слух, говор и глас, Завод за ментално здравје, Државно средно училиште за деца со оштетен вид "Димитар Влахов" и Медицински факултет.

## Преглед на активности на главната медицинката сестра

Активностите на главната медицинска сестра опфаќаат три најважни сегменти и тоа:
1.Здравствена заштита и превенција
2. Исхрана на децата
3.Едукација

1. Здравствената заштита и превенција во текот на целата учебна година се одвиваше преку континуирани посети на главната медицинска сестра на сите работни објекти. објект"Сончоглед",о."Мимоза", о."Синоличка" и о."Кокиче" заради увид во работата н здр авствено згрижувачката дејност со цел да се постигне и реализира правилен здравствен и психофизички развој кај децата.

Здравствената заштита и превенција се обавуваше од повеќе аспекти и тоа :

1.1.Систематски прегледи на децата кое вклучува антрополошки мерења и тоа:
-мерење телесна тежина
-мерење висина
-мерење на обемот на главата
-мерење на обемот на градниот кош
- мерење на обемот на абдоменот

1.2.Отворање и водење досиеа (во него се внесуват личните податоци за детето, имунизацијата и податоци за здравствената состојба на детето)

1.3. Контрола и евиденција на заразни заболувања појавени по работни единици и превзе мање соодветни санитарно-медицински постапки за нивно спречување и ширење.
Оваа учебна година беа заболени деца од:

-Streptococcus-pneumonia 1 дете

-Varicellae–28 деца

-Staphylococcus aureus кај 2 вработени при контролниот санитарен преглед и кај 1 новвработена пред самото почнување со работа

-Scarlatina-4 деца

- Salmonella enteritidis-14 деца

1.4. Соработка со аудиолози и логопеди од Рехабилитационен центар за слух , говор и гл ас-Скопје се со цел за навремена детекција на недостатоци,мани или деформитети во говорот и слухот. Прегледите беа извршени на :

објект Синоличка 19.02.2013 г.
објект Кокиче 20.02.2013г.
објект Сончоглед 21.02.20.2013 г
објект Мимоза 22.02.2013 г.

1.5. Соработка со Центарот за ментално здравје за деца и младинци – Скопје. Оваа соработка се заснова на консултативни разговори за децата со пречки во развојот кој во ЈДГ " Весели Цветови"- Скопје во школската 2012/2013 год. изнесува 12 деца.Оваа соработка е во координација со психологот Охрида Арсовска и дефектологот м-р Анета Јовановска.

1.6. Соработка со стоматолози од Одделот за детска превентивна стоматологија при ЈЗО пол. "Јане Сандански"- Скопје кои два пати годишно вршат систематски стоматолошки преглед.Прегледите беа извршени на :

-објект Сончоглед на 08.02.2013 и 20.02.2013г.
-објект Кокиче на 12.02.2013г.
-објект Синоличка на 22.02.2013 г.
-објект Мимоза на 28.02.2013 г.

1.7.Соработка со Заводот за здравствена заштита преку планирање и реализација на систематски прегледи на вработените и тоа :

-Главна кујна и помошни кујни со извршени прегледи од 16-22 .01.2013г. и од 03-07.06.2013 г. (два пати во годината )

-Санитарен преглед за сите вработени од 03-07.06.2013 г.

Во план е и систематски преглед за сите вработени во периодот од 18-24.06.2013 г.

1.8.Соработка со ЈЗУ Завод за здравствена заштита-Служба за дезинфекција ,дезинсекција и дератизација со следната динамика :

-Дезинфекција :15.02.2013г.,интервентно на 22.02.2013г.и на 05.03.2013 г.
-Дезинсекција :14.02.2013 и 23.05.2013г.
-Дератизација :15.02.2013 и 13.05.2013г.
-Дезинфекција на возилото за транспорт и дистрибуција на храната на 27.04.2013 г.

1.9. Соработка со санитарниот инспектор др.Славица Дробњак во врска со проблеми од здраствен карактер (пријавување инфективни заболувања) или спроведување превентивни постапки .Секоја зима, па и оваа во во периодот кога се појавува грипот во пошироки размери во координација со Министерството за здравство и Републичкиот санитарен инспекторат,а во координација со др.Славица Дробњак се подига степенот на превентивната заштита и се следи бројноста на отсатни деца од вкупниот број деца.Оваа година тоа следење траеше од 22.01-10.04.2013 г. и не беше забележано поголемо отсуство на децата заради заболеност од грип,освен по некој изолиран случај.

1.10. Соработка со Центарот за Јавно Здравје и тоа преку детална обработка на Листата за јадење на децата и Програмата за  бактериолошка контролна проверка на мостри од храна и работни површини.

Во однос на Програмата за бактериолошка контрола беа земени мостри на 22.02.2013г. (од млеко, сирење, кашкавал, растурена пиперка, лажица, овал, тембала, лонче и црпалка). Резултатите беа негативни.

1.11.Планирање и набавка на санитетски материјал за сите објекти

2. Исхрана на децата

2.1 Во рамките на Националната годишна програма за Јавно Здравје на Република Македонија за 2013г. е предвидено следење на биолошката вредност на исхраната на децата во предучилишните установи,а со цел превенција на болести поврзани со неправилната исхрана.Обработката на Листите за јадење кои до сега им ги бев доставила е за сезоните зима и пролет,а кон крајот на месец Јуни ке им биде доставена и обработката за сезона-лето.Од добиените резултати од анализата на оброците , стручната екипа од Центарот за Јавно Здравје го даде следното мислење(цитирам) : “ Листата на јадење содржи разновидни намирници во склад со сезоната во која се приготвуваат.Ова значи дека вака приготвените оброци во целост ги задоволуваат нутритивните потреби на децата на таа возраст.Препорачуваме и понатаму да продолжите со правилно планирање на листата за јадење “ .

2.2.Соработка со Агенцијата за храна ,посебно со нутриционистот г-дин Ѓорѓи Симковски со кој се оддржа и средба за квалитетот на храната во ЈДГ Весели Цветови-Скопје на иницијатива на објект Сончоглед.

2.3.Континуирано следење на работата во Главната кујна и чајните кујни. На вработените им изработив дневни листи во кој ќе го бележат своето работење ,покрај вообичаените листи по ХАЦЦП.Со редовен мониторинг на нивната работа ,но и со професионалноста од страна на вработените во кујните сметам дека доследно и професионално си ја вршат својата работа.

Во соработка со Директорот и главниот готвач секој месец изготвуваме листа за јадење која ги задоволува стандардите пропишани за деца од предучилишна возраст кое пак најдобро се гледа од погорниот текст под тоцка 2.1.

3.Едукација

3.1.За подигање на квалитетот на работата потребна е едукација на сите вработени.Оваа година ги следевме предавањата на следните теми :

- Трибина на тема :”Со безбедна храна до подобро здравје “ организирано во просториите на Општина Кисела Вода од страна на Агенцијата за храна
-Предавање на тема : “ Комуникација и социјализација низ игра“-предавач м-р.Анета Јовановска дефектолог
-Предавање на тема : “ Дисциплината некогаш и денес “-предавач Охрида Арсовска психолог

- Предавање и обука на техничкиот персонал на тема : “ Стандардни оперативни постапки на санитација“-предавач Марија Димитрова гл.медицинска сестра во соработка со Хем Милошевски

- Обука за ракување со Кирби машини

-Едукација на децата од страна на стоматолозите на тема : “Градба и функција на оралната празнина “ и “ Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери“

## Преглед на активностите на соработникот

## по музичко воспитување

Во учебната 2012/2013 година наставата по музичко воспитување се одржуваше континуирано реализирано по претходни планови и договори со воспитниот и стручниот тим.

Во соработката со целиот персонал реализирани се предвидени активности, од кои што некои реализираани се надвор од градинката, а некои во самата градинка. Тука беа многу настапи и проекти, како 68 годишен јубилеј, изработка на сценарио со наслов "Нова Година во пештерата на Баба Меца", и настап на воспитниот тим по повод Нова Година (која се изведуваше и во неколку институции надвор од градинката), посети на патронати и јубилеи на градинки и училишта како во општина Кисела Вода, така и во Скопје и низ цела Македонија.

Реализацијата на приредбите по повод празници како на Р. Македонја, така и општо празници беа во текот на целата година. Наши пробни настани беа приредбите по повод "Дочек на новите другарчиња", "Испраќање на есента"., "Дочек на Нова Година", "Празникот на жената 8 Март", "Пролет мила расцвета", "Природата и екологијата" и еден од најглавните настани завршните приредби на децата од 5-6 години односно испраќање на другарчињата во училиште. Оваа година беше реализирана од сите големи групи и одржана два пати. Првиот пат во објект Сончоглед во утринските часови за гости од општина Кисела Вода, МТСП, колеги и соработници од градинки и училишта од цела Македонија и други гости, и втор пат во паркот Шопен во попладневните часови

за родители. Темата беше "ПРОЛЕТНИОТ МИРИС ЈА РАЗУБАВИ ЧАРШИЈАТА" голем дел од песните носеа фолклорни мотиви и голем број беа компонирани од музичарот. Ангажманот се однесуваше и со директно учество за време на целиот настан со пеење во живо. На јубилеот настапија гостите Наум Петрески и група Џубокс каде се изведе настап на високо ниво и тема која пријатно ги изненади сите присутни.

Во текот на учебната 2012/2013 година во голем број од воситните групи се реализираа и презентираа прокти во кој се зема активно учество со подготовка на музика и посета на разни институции.

Низ целата учебната година за сите настани децата од сите воспитни групи активно беа подготвувани за настап, односно со дадено право на учество и на децата со посебни потреби и на деца кои се посебно надарени. Работата со децата со посебни потреби се сведува на музико-терапија поттикнувајќи позитивни емоции кај децата.

Работата со надарените деца се сведува на поттикнување на интерест за музика, стекнување на нови вештини и знаења за музичкото творештво.

Музиката како уметност е многу важна за поттикнување на развој на детето, но со себе си носи и свои правила, кои ако бидат правилно спроведени лесно се реализираат.

-правилно седење при пеење

-правилно дишење-вежбање за дишење

- правилно изговарање на букви и зборови

-распевање по основна скала со сите самогласки, а за поголемите воспитни групи и пеење со ноти основна скала (до, ре, ми,фа,со,ла,си,до) и други вежби за распевање

-користење на динамика при пеење (тивко, гласно)

-вежби за ритам (бројалки, ритмички игри, музички игри со движење и игри со песна)

-вежби за забрзување и успорување по ритам

-пеење наеснички, народни песни, забавни песни

-по потреба –изучување чекори за оро, танци, балети, модерни танци и др.

-слушање на музика, запознавање со најразлични музички жанрови (серозна-класична музика, маршова музика, македонска народна и забавна песна музика за деца итн).

- распознавање на различни видови музика, музички гатанки, погодување на познати музички теми за таа возраст на деца.

Во текот на годината компонирани се голем број на детски песни како: "Здраво дечиња", "Разиграни деца", "Листовите паднаа", "Зима", "Сончко мил", "Водата насекаде", " Шумска дружина", " Шумски квиз".

Музиката од најмала возраст има големо позитивно влијание врз психофизичкиот развој кај децата и истата низ организираните активности секојдневно и успешно беше презентирана кај децата од најмалата предучилишна возраст.

## Преглед на активностите на Струченииот совет

Со Стручниот совет раководи Директорот на градинката. Во текот на оваа годи-на реализирани се следниве конкретни активности:

- Утврдени се Годишните планови за воспитно-образовна работата на објек-тите во 2012/2013 година;
- Утврден е планот за организација на работата по објекти и на ниво на градинка;
- Утврден е планот за реализација на јавна и културна дејност;
- Утврден е планот за стручно усовршување по објекти и на ниво на градинка;
- Утврден е план и распоред за активностите за одбележување на поважни датуми:
- Утврден е бројот на децата и бројот на воспитните групи на почетокот на годината;

- Разгледувани се голем број на информации, извештаи и анализи од реали-зацијата на згрижувачката и воспитно-образовната работа со децата во текот на цела година за поуспешна работа со децата и тековната проблематика;

- Донесувани се одлуки и заклучоци за подобрување на целокупната работа во Установата.

1. **АКТИВ НА ВОСПИТУВАЧИ**

Активите на воспитувачи по објекти своите активности ги насочуваа кон:

-Реализирање на планираните содржини во рамките на тематското планирање;

-Унапредување на воспитно-образовната работа преку иновирање на нови форми и методи;

-Изготвување на нагледни средства и матријали за непосредната работа со децата;

-Естетско уредување на внатрешниот простор во објектите, занималните, катчи-њата и просторот предвиден за средби со родителите;

-Следење на најновите достигнувања од областа на предучилишната педагогија и развојната психологија;

-Иновирање на модели на воспитно-образовна работа преку иновирање на содржини, форми и методи на работа со посебен акцент на вкупните развојни потенцијали на детето;

-Учество во изготвување на Планот за стручно усовршување;

-Континуирана соработка со родителите со цел воспоставување интеракција родител-воспитувач-дете.

-Реализирање на планираната соработка со пошироката социо-културна средина .

Активности од овој тип се одржаа во објектот **„Синоличка**“, и тоа:

-Теоретско прадавање на тема: **"Улогата на игрите и играчките во детскиот развој"** - презентер, воспитувач Ана Дејановска

-"**Историски развој на театарот со сенки**" теоретско прадавање презентер, воспитувач Лилјана Ангеловска

Во Објект Кокиче се реализираше:

Насочена активност од проектот "**Интегрирани програми-Три во еден**" со децата на возраст од 4-5 години пред целиот стручен тим и пред целиот воспитен персонал презентер, воспитувач Лилјана Ангеловска

Активности од тој тип се одржаа и во објектот "Мимоза":

-Теоретско предавање на тема "**Преданија за старата скопска чаршија"** - презентер, воспитувач Искра Давкова

## 2. АКТИВИ НА НЕГУВАТЕЛИ

Активите на негуватели по објекти се состануваа неколку пати во текот на годината, во зависност од потребите. Нивната работа ја координираа директорот и педагогот на Установата.

Активностите воглавно беа насочени кон:

- Реализирање на превентивно-здравствената заштита

- Реализирање на игровните активности со децата од јаслена возраст

- Разгледување на проблеми кои произлегуваа од секојдневното работење и нивно решавање и отстранување.

- Реализирање на планот за стручно усовршување.

Општа оценка за работата на стручните активи, стручните работници и стручните соработници е дека во работната 2012/2013 година тие пројавија значителни активности, перманентна работа и поголеми достигања во однос на афирмацијата на градинката.

Со нивното ефикасно функционирање дадоа голем придонес за успешна реализација на дејноста во градинката и резултатите од истата.

## 12.МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСОВО ОДРЖУВАЊЕ

Појдовни основи за финансовото водење на Установата се Финасовиот план и Планот за јавни набавки.

Во учебната 2012/2013 година се инвестираше во неколку сфери со конкретни набавки, а со цел подобрување на условите за живот на децата и вработените во Установата.

Со цел подобрување на условите за престој во Установата и заради заштеда на топлинска енергија во тек е промена на прозорите во објектот Сончоглед во сите занимални, за која следеше предходен договор со членовите на Управниот одбор, кои

захтеваа да се даде приоритет за таа постапка. Оваа реконструкција ќе биде реализирана со средства од самофинансирачката сметка на Установата.

Исто така во тек е реконструкција на терасите на две занимални во објектот Синоличка заради немање доволно простор за децата (мали занимални). Оваа реконструкција се реализирана со средства од самофинансирачката сметка на Установата.

Оваа година се реализираше набавката на постелина за сите објекти со цел обновување на старата дотраена, и тоа 150 чаршафчиња горни и 150 долни за рекс креветчињата и 30горни и 30 долни чаршафчиња за бебешките креветчиња. Со истата постапка се набавија и 200 детски фротирки кои беа неопходни за почеток на учебната 2013/2014 година.

Се изврши набавка и на следните работи:

- набавка на гориво и масла антифриз и слично за службените возила, која тече континуирано во текот на целата година
- набавка на средства за хигиена која исто така тече континуирано во текот на целата година,
- набавка на канцелариски материјали, која исто така тече континуирано во текот на целата година,
- набавка на материјали за тековно одржување која исто така тече континуирано во текот на целата година,

Во тек е постапката за набавка на канцелариски мебел, за потребите на Управата (канцеларии со дотраен мебел)

Оваа година Општина Кисела Вода не оддвои средства за капитални активности во детската градинка Весели Цветови преку програмата В-10 како минатата година. Минатата година Општината за таа намена оддвои 800.000 денари од кои 200 000 денари сеуште не се подмирени кон изведувачите иако помина цела година од постапката.

Другите постапки кои се предвидени со Планот за јавни набавки би требало да се реализираат до крајот на календарската година.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ-МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Имајќи го предвид изнесеното во Извештајот за работата на ЈДГ "Весели Цветови" во 2012/2013 година може да се извлечат заеднички констатации дека и квантитативната и квалитативната страна од програмските цели и задачи на целокупната дејност, успешно се реализирани адекватно на условите и можностите на Установата, и тоа:

- Програмата за работа на Градинката во учебната 2012/2013 година е реализирана  со синхронизирана активност на сите извршители на дејноста, а со посебен акцент на реализацијата на згрижувањето, воспитувањето и образувањето на децата, како и унапредување на истата.

- Во рамките на подобрувањето на квалитетот на работата згрижувачко воспитниот и воспитно-образовниот кадар максимално се ангажираше во развивањето на формите и методите на работа применувајќи соодветни нагледни, дидактички средства и материјали за работа со децата.

- Педагошко, методско и стручно усовршување и образование на кадарот во градинката беше една од основните задачи.

- Остварена е соработка со други предучилишни установи и организации и институции.

- Остварена е соработка со Општината Кисела Вода и тоа со Градоначалникот на општината, Раководителот на Сектор за образование и предучилишно воспитување;

- Обезбедена е квалитетна исхрана на децата што престојуваат во нашата Установа;

- Подобрени се условите за престој на децата во градинката со обезбедени подобри услови од областа на капиталните активности и тековно одржување и набавка на потребни средства за нормално функционирање на Установата.

Оваа учебна година како и предходната, уште на самиот почеток состојбата со уписите на децата беше алармантна.  Се појави голем проблем со прифаќање на сите деца кои аплицираа за упис во градинката поради немање простор и кадар.

Најверојатно ниската цена на чинење на градинката (1.490 денари за цел месец, во која спаѓа згрижување, воспитување и образование на децата, исхрана, 3 оброци и секојдневна грижа) предизвикаат зголемено аплицирање на деца кои не можевме да ги

прифатиме. Се трудевме во текот на целата година, доколку од различни причини имавме отпишувања, да ги потполниме местата со деца кои беа на листа на чекање.

Комисијата за прием на деца над норматив, која перманентно се грижеше и ја следеше работата на терен, се обидуваше во текот на целата година да ги задоволува потребите на родителите во однос на упис и престој на децата во нашите објекти.

Во однос на подобрување на состојбата и унапредување на дејноста, повторно би апелирале до Советот на Општина Кисела Вода, МТСП и Владата на Р.М. да се погрижат за градење на градинки на територијата на ОКВ за да можеме да ги прифатиме сите деца кои сакаат да престојуваат во нашата градинка или да се изнајде простор во кој привремено би се сместиле деца, а кое финансиски ќе биде покриено од ОКВ или МТСП .

Од бројните активности наведени во Извештајот се гледа дека оваа учебна година нашата Установа вложи максимални напори за подобрување на воспитно-образовната и згрижувачка дејност во сите сегменти на делување.

Нашите заложби не остануваат на постигнатите успеси туку ќе продолжат со уште поголеми залагања за активно вклучување на Установата во сите сфери на општествено-политичките и останатите сегменти на живеење со цел постигнување на подобри резултати и подобрување на условите за престој на деца и условите за работа на кадарот со кој располагаме.

В. Д Директор
Љиљана Темелковска